# СТЕНОГРАФСКИ БЕЛЕШКИ

од Третото продолжение на Осумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија, одржана на 18 јануари 2005 година

Седницата се одржа во салата за седници на Собранието на Република Македонија, со почеток во 11,02 часот.

Седницата ја отвори и со неа раководеше господин Слободан Најдовски, потпретседател на Собранието на Република Македонија.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Почитувани пратеници, продолжуваме со работа по Осумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Пред да преминеме на работниот дел, сакам во свое име и во име на сите вас на г-ѓа Теута Арифи да и ја честитам новородената ќерка. Убаво ја започнавме годината, вака и да продолжиме и на сите оние што очекуваат, да им посакаме се најдобро. (аплауз)

Пратениците Зоран Крстевски, Љубчо Георгиевски, Љубе Бошковски, Никола Груевски, Сашко Кедев, Орданчо Тасев, Петар Наумовски, Али Ахмети, Теута Арифи, Мехдун Тачи, Илјаз Халими, Зоран Томиќ, Ганка Самоиловска - Цветанова, Иван Стоилковиќ. Владо Илиевски, Фазли Велиу ме известија дека се спречени да присуствуваат на седницата.

Ве молам да притиснеме да едно од копчињата на системот за гласање за да го утврдиме бројот на присутните пратеници во салата.

Со оглед на тоа што очигледно некој не притиснал на копчињата, молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

На седницата присуствуваатн 64 пратеници.

Констатирам дека на седницата присуствуваат мнозинство пратеници на Собранието и дека Собранието може полноважно да одлучува.

**Минуваме на точка 17 - Предлог за донесување на закон за парнична постапка.**

Претресот по Предлогот за донесување на законот е заклучен.

На Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

1. Собранието на Република Македонија го усвојува предлогот за донесување на закон за парничната постапка.

2. Владата на Република Македонија ќе изготви и на Собранието ќе му достави предлог на закон за парнична постапка, при што ќе ги има предвид

мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до Владата на Република Македонија и Министерството за правда.

Претставник од Министерството за правда немаме, но со оглед на тоа што имаме само гласање предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 62 пратеници, 60 пратениви гласале за и двајца пратеници гласале воздржано.

Констатирам дека Собранието го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точка 18 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Воена академија, со Предлог на закон**

Молам, дали имаме претставник од Министерството за одбрана? (нема)

Ако немаме претставник, преминуваме на точката 19.

**Минуваме на точка 19 - Предлог на закон за изменување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија**

Од предлагачите Марија Којзеклиска, Жарко Караџоски, Ѓорѓи Оровчанец, Спиро Мавровски и Орданчо Тасев. Со оглед на тоа што во првата фаза во комисиите беше овластен претставник на предлагачите г-динот Караџоски, дали г-дине Караџоски вие сте и понатаму овластен. Значи, понатаму предлагачите го овластија г-динот Караџоски.

Предлогот за донесување на законот со предлогот на законот и дописите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и на Законодавно - правната комисија ви се доставени односно поделени.

Согласно член 62 став 5 од Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам, кој бара збор?

За збор се јави г-дин Караџоски како претставник на предлагачите.

Повелете г-дине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници.

Јас повеќе се јавувам процедурално, поточно од името на овластените предлагачи, како овластен предлагач од името на предлагачите. Сакам да

напоменам дека предлагачите Марија Којзеклиска, Жарко Караџоски, Ѓорѓи Оровчанец, Спиро Мавровски и Орданчо Тасев, поднесовме предлог закон за изменување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, кој што закон е ставен на 82 седница во време кога претходно Собранието на Република Македонија го усвои Предлогот за донесување на овој закон како прва фаза. Ова беше втора фаза и завршна фаза на Законот.Меѓувреме се случија познати настани, Уставниот суд на Република Македонија донесе Одлука по иницијатива на г-динот Павле Трајанов за оспорување на одредбите кои што се содржани во овој Предлог на закон и таа одлука на Уставниот суд е конечна, што значи дека со Одлуката на Уставниот суд она што ние го предлагавме како закон е апсолвирано. Така што , овој закон сега во овој момент испаѓа безпредметен.

Јас би сакал само да потенцирам следното дека предлагачите на овој закон во кој што спаѓам и јас, за она време кога го поднесовме законот бевме доста и критикувани, бевме на некој начин и оспорувани во смисла на тоа дека одредбите не се во ред и дека на овој начин се легализира трансферот на пратеници. Меѓутоа и сега сакам само тоа да го потенцирам дека ние како предлагачи се водевме исклучиво од уставните одредби и таква беше и иницијативата и со таа цел го поднесовме законот да укажеме на тоа одредбите кои што овој закон ги содржи се во смисла на уставниот основ оправдани. Значи, Законот за пратеници во делот на членот 121 беше неуставен и со тоа предлагавме со закон тоа да се реши. Тоа беше еден мотив.

Втор мотив беше затоа што иницијативата од г-динот Павле Трајанов стоеше скоро цели две години во Уставниот суд и нас како предлагачи не радува тоа што на некој начин можеби со оваа иницијатива придонесовме Уставниот суд притиснат и од мислењето на јавноста, но и од овде што се дискутираше во Собранието, ја донесе толку очекуваната Одлука, која според нас како предлагачи неосновано долго стоеше во Уставниот суд.

Со оглед на тоа што Уставниот суд пресече, поточно донесе Одлука исто онаква како што е текстот на овој закон , сакам да напоменам дека Законот за избор на пратеници сега е корегиран и со оглед на тоа што понатамошната расправа или гласање по овој закон би бил безпредметен, јас од името на предлагачите на овој закон, законот го повлекувам.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Караџоски,

Со оглед на тоа што предлагачите го повлекоа Предлогот на закон за изменување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија , констатирам дека законот е повлечен.

Г-дине Рахиќ  пријавени сте и за што?

Повелете.

Процедурални има г-динот Рахиќ.

ЕСАД РАХИЌ:

Почитуван претседателе, драги колеги пратеници,

Јас се извинувам што вон концептот на водење на седницата денеска, сметам дека вие како потпретседател денес ќе го покренете тоа прашање. Бидејќи, сум роден Скопјанец, роден во Градот на солидарноста, сметам дека најмалку што можеме ние пратениците да направиме е тоа што дневниците од денешната седница да ги дадеме за постраданите од ЦУНАМИ од Југоисточна Азија. Ако се сложуваат моите колеги пратеници тоа го ставам како предлог, иако е вон контекст на оваа седница, иако и јас и добар дел од наши колеги дадоа по телефонски анкети , сметам дека најмалку што можеме да направиме за тие несреќни луѓе и бидејќи сите тие советници во другите општествени организации и совети во Републиката помогнаа, најмалку што можеме да направиме од страна на пратениците денешнава дневница, до колку се сложат колегите, да ја дадеме за постраданите. Благодарам и извинете што ова го кажувам вон контекстот на седницата.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Г-дине Рахиќ, ви благодарам.

Еве јас како потпретседател на Собранието својата дневница ќе ја дада, а останатите, зависно од тоа пратениците како си сакаат, како си одлучуваат таму на благајна нека се изјаснат.

Г-дине Чашуле, се јавивте процедурално?

Повелете г-дине Чашуле.

СЛОБОДАН ЧАШУЛЕ:

Прво, да го подржам г-динот Рахиќ, а потоа да не се согласам со вас.

Мислам дека овде треба да изгласаме ова Собрание како гест на солидарност издвојува со своја одлука, не знам дали е тоа дозволено или не со актите и нашиот Деловник, меѓутоа да се знае во аналите на оваа држава дека покрај тоа што како поединци сме дале придонес, сега како претставник на суверенитетот на оваа држава и највисок законодавен дом издвојуваме една дневница од 800 денари за настраданите. Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Г-дине Чашуле, ние законски основ за тоа да го изглгасаме неможеме, но јас се надевам дека пратениците ќе подржат вашиот апел. Но, за тоа не можеме да го ставиме на гласање.

**Минуваме на точката 20 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, со Предлог на закон**

Овој закон е предложен од пратениците Никола Груевски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Сашко Кедев, Илија Китановски, Силвана Бонева, Илија Србиновски и Ефтим Манев.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, дописите на Комисијата за политички систем и односи меѓу заедниците и на Законодавно-правната комисија и мислењето на Владата ви се доставени односно поделени.

Согласно член 62 став 5 од Уставот на Република Македонија  овој закон се донесува со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Пред да дадам збор, молам од предлагачите кој е овластен предлагач ?

Г-дин Ефтим Манев.

Значи, овластен предлагач е г-динот Ефрим Манев.

Молам кој бара збор?

Прв има збор г-динот Манев како предлагач.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници.

Како еден од потписниците на овој предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници сум и јас. Потоа, го користам тоа право да се произнесам по истиот и да дадам едно воведно мое излагање кое што ќе придонесе пратениците да имаат посовесен третман кон предложената точка и како потреба која што е неопходна  Собранието на Република Македонија  да го донесе истиот.

Најнапред би сакал да кажам дека моето воведно излагање ќе се однесува како по точката 20, 21 и 22 кои што имаат скоро исто значење и затоа да не би се јавувал уште два пати ќе говорам само еднаш, за потребите и причините за поднесување на овој Предлог на закон.

Основно е и неспорен факт е за нас за сите дека Република Македонија  има голем број граѓани кои што живеат надвор од државата , некои се на привремена

работа во други држави. И во случај на избори , дали парламентарни како што е предложениот закон или претседателски избори не сме овозможиле еден полесен начин за истите да можат своето право на глас го дадат и во државите во кои што се на привремена работа. Таквото нешто го имаат сторено повеќе држави и тоа кои што произлегуваа од Југославија, а исто така голем дел се и европските држави кои што им овозможуваат на своите граѓани , своето избирачко право го обавуваат во државите во кои што се наоѓаат.

Од тие причини сметам дека ние како пратеници би требало таквото право да го овозможиме со решавање на таквиот статус на нашите граѓани за истите да можат гласањето да го обавуваат во државите во кои што се наоѓаат. Најнапред наша обврска е што сепак треба према тие граѓани да бидеме повнимателни. Ние пред нова година и при носењето на Буџетот констатиравме дека од нашите граѓани кои се надвор од државата, Република Македонија има прилив на средства скоро од 700 милиони девизни средства кои што ги даваат на своите блиски, домашни луѓе кои останале во државата. Од тие причини неопходно е и ние да обрнеме поголемо внимание, да не им го скратуваме правото кое им припаѓа по Уставот односно да не ги принудуваме на денот на изборите тие да доаѓаат масовно од странските држави и да прават огромни трошоци.

Исто така, бидејќи овие закони, зборувам за трите закони, се предложени Предлог за донесување на закон со Предлог на закон, сметам дека има доволно време до наредни парламентарни и претседателски избори, во согласност со другите потписници на овие предлог закони се договоривме , законите да одат во една фаза, да се донесе само предлог за донесување на закон, а додека Предлог на законот да оди во една друга фаза, со што би дале можност на сите пратеници, а и на Владата да придонесе во едно поквалитетно правно решение, во делот каде што се интервенира во овие закони. Сметам дека пратениците од позицијата би требало да бидат и тоа како заинтересирани за оваа состојба. Исклучиво, не треба да чекаме во секој случај законите да ги предлага Владата. Инаку, овие закони ќе бидат од интерес на Република Македонија и при самото нивно влегување во ЕУ , кое што ќе биде едно од потребите нашето законодавство да го уредиме и да го усогласиме со Европското.

Од тие причини би ги замолил сите пратеници кои го прават парламентарното мнозинство во Парламентот да ја утврдат потребата и да констатираме дека има потреба од донесување на овие закони, а со едно подлабоко вклучување во работата во Предлог текстот со дискусии да дадат свој придонес, а исто така со

писмени поднесоци и кога би дошло во втора фаза , да имаме едни поквалитетни измени на овие закони.

Ви благодарам на вниманието и би молел малку поодговорно да гледаме на овие предлози кои се и тоа како од интерес на Република Македонија , со што ќе овозможиме на нашите граѓани да им се олесни работата при своето изјаснување, односно гласање на избори за пратеници и претседател на Република Македонија кога ќе дојде тој ден.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Манев.

Пред да му дадам збор на г-динот Витановски, г-дине Манев, со оглед на тоа што рековте дека воведните напомени ви се за трите закони, дали тоа значи дека за сите три закони ги повлекувате предлозите на закони, дека одите само со Предлог за донесување. Тоа е за да можеме да изработиме заклучоци од страна на службите.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Истото важи за сите три закони. Ќе одат во две фази. Сега ќе оди само Предлогот за донесување, да се утврди потребата, а додека предлог-законот, јас би замолил сите пратеници да имаат поактивно учество со што би направиле поквалитетни измени во законите.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Манев.

Прво, констатирам дека по однос на овој закон, Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија е повлечена.

За останатите ќе констатираме кога ќе дојде точката на дневен ред, а во меѓувреме молам Службите, заедно со предлагачите, да изработат заклучок за донесување, само за Предлогот за донесување на закон и изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници.

Сега за збор се јави господинот Витановски Јанаќе.

Повелете господине Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Благодарам, почитуван потпретседателе.

Почитувани колеги пратеници,

Јас ќе се обратам и ќе дадам свое видување по овие три точки, бидејќи се поврзани една со друга. Мислев дека на оваа седница ќе бидат присутни и

останатите предлагачи, како што се Никола Груевски, Ганка Самоилова - Цветановска, но ги нема, и сега како претставник е Ефтим Манев.

Овој предлог за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија што е донесен во 2002 година еве на оваа седница е пак актуелен. Но, сега повторно имаме предлог за негово изменување и дополнување и повторно од страна на опозицијата, но овој пат не за трансфер на пратениците од партија во партија. Сметам дека после донесувањето на Одлуката на Уставниот суд за трансфер, односно шетање на пратениците од партија во партија, мислам дека веќе нема потреба од овој закон што сега се предлага, бидејќи сметам дека е беспредметен со што опозицијата предлага избирачкото право да го остварат и избирачите кои се на привремена работа или престој во странство.

Но, претходиот дискутант, ќе се вратам една минута назад, Жарко Караџоски кој го кажа она околу Одлуката на Уставниот суд, јас би поставил едно прашање како би се применувало тоа сега во пракса. . .

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине Витановски,

Разговараме сега за овој Предлог. Ви укажувам да дискутирате по тој Предлог.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Добро, кога ќе отиде некој од нив сега за градоначалник, кој ќе биде на нивната листа, ќе видиме како ќе оди тоа во пракса, бидејќи тие немаат листа, од чија листа ќе биде наредниот кандидат?

Се враќам на овој закон, еве вака, сметам дека овој Предлог што го предлага опозицијата е штетен, според мене и не треба да се донесе. Со сегашната законска регулатива сметам дека не е ускратено пратеничкото право на никого.

Според Уставот на Република Македонија, во членот 22 стои дека секој граѓанин со наполнети 18 години живот стекнува избирачко право. Избирачкото право е општо и непосредно и се остварува на слободни избори со тајно гласање. Избирачко право немаат лица на кои им е одземена само деловна способност.

Во Законот за избор на пратеници, во членот 4 стои дека право да избира има секој државјанин на Република Македонија кој наполнил 18 години живот и има деловна способност. Исто така, во Законот за избирачки список во членот 2 стои дека државјаните на Република Македонија кои имаат избирачко право се запишуваат во избирачкиот список. Исто така, во членот 5, се вели дека врз основа

на избирачкиот список се спроведуваат изборите за пратеници, за претседател, за локални избори или гласање на референдум.

Исто така, во членот 6, став 2, стои дека во избирачкиот список се запишуваат и сите државјани на Република Македонија што се на привремена работа или престој во странство, тоа е многу битно, со живеалиште на територија на Република Македонија и со важечка патна исправа. Овие лица се запиушуваат според нивното последно живеалиште во Република Македонија, пред заминување во странство.

Според тоа, сите лица кои се запишани во избирачкиот список имаат право да избираат и да бидат избрани на јавни функции. Никој тоа право не им го одзема, како што велите вие, во вашиот предлог. Никој не му го одзема избирачкото право никому, па не и на лицата кои се на привремена работа или престој во странство.

Погрешна е тезата што ја пласирате дека се негира правото на државјанин на Република Македонија, а со тоа се одзима и избирачкото право. Тие не го губат избирачкото право, тие треба тоа да го остварат но овде во Република Македонија. Треба да се прави разлика помеѓу избирачко право и гласање. Сите оние, државјани на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство со живеалиште на територија на Република Македонија и со важечка патна исправа и се запишани во избирачкиот спсиок имаат право да гласаат. Но, да гласаат во Република Македонија, во нивната изборна единица и на нивниото последно живеалиште пред заминување во странство. Што значи дека сите наши државјани кои се запишани во избирачкиот спсиок, треба на денот на гласање да дојдат во Република Македонија, во својата изборна единица и да гласаат. Се разбира дека за тоа се потребни и финансиски средства за пат, за престој, за виза. Но, кога се во прашање изборите и Република Македонија и патриотизмот и си ја сакаме државата, за пари не се прашуваме. Треба да дојдеме и да гласаме.

Во Законот што го предлагате, а е составен од пет члена предлагате ДИК да ги именува избирачките одбори што ќе го спроведат гласањето. Да донесат посебно упатство за гласање. Предлагате да се гласа во дипломатско конзуларни претставништва и тоа седум дена пред изборите. Избирачите да потполнат пријава за гласање и да го наведат местото на раѓање или местото на последното живеалиште во Република Македонија и држава во која живеат. Го определувате составот на избирачкиот одбор. Го бришете живеалиштето на територијата на Република Македонија.

Знаете ли што ќе направиме со овој закон? Според мене, хаос во изборите. Вие и сите, цела опозиција, уште не се отпочнати изборите, барем од досегашните

искуства ,имаме едно искуство, уште не отпочнале изборите а велиме дека ова ќе бидат избори со фалсификат. А, со ваков закон каков што предлагате, кој знае што ќе се случува. Можеби тие кои се надвор од Македонија ќе ни ја кројат судбината нам, кои живееме во Република Македонија. Ние овде живееме, работиме. Ние сме со сите проблеми. А, тие се далеку од нас.

Тоа што го предлагате, прво, според мене, не може да се организира. Колку ќе требаат избирачки одбори и каде ќе делуваат низ светот? Во дипломатско конзуларните ли претставништва?

Доколку го дадат своето место на раѓање, каде ќе гласаат? Каде што се родени или во нивната изборна единица? Кој ќе води контрола на изборите, кога нема претставници на партиите како посматрачи, а исто не предвидувате и од невладини организации посматрачи? Значи, кој колку што сака може да ја полни кутијата, го бришете основниот елемент живеалиште на територија на Република Македонија. Не знам која ви е целта? Кому ќе направиме услуга со овој закон?

На крајот, сакам да подвлечам неколку работи:

Со оглед дека со предложениот закон се доведува во прашање воспоставување на избирачки список во целина, а имајќи го во предвид фактот дека оваа категорија на граѓани што се на привремена рабора или престој во странство се запишани во избирачкиот список, врз основа на нивното последно живеалиште во Република Македонија пред заминување во странство, според членот 6 став 2 од Законот за избирачки список, според податоците и тоа од МВР, сметам дека овој закон не треба да се донесе. Јас ќе гласам против, а и парламентарната група на СДС ќе гласа против овој закон.

Можеби е добра и една работа што вие сега го повлекувате, односно ова е само како потреба од донесување на закон, ќе оди во повеќе фази, но сметам дека овој закон не треба да се донесе.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Витановски.

Господине Манев повелете, како предлагач.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Господине потпртседателе, господине колега Јанаќе, јас би сакал само...

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Се извинувам, дали се јавувате за збор, како реплика?

ЕФТИМ МАНЕВ:

Би дошло малку како реплика, но, имам право. . .

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Да, вие имате право, но да знаеме.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Ќе го користам како реплика.

Затоа што господине Јанаќе, како да овој закон, оваа состојба да се решава исклучиво само во Република Македонија. Треба да знаеме дека ова нешто е решено скоро во сите западноевроспки држави и не треба нонстоп - да се плашиме дека некој ќе ги полни кутиите и дека ќе има нешто нелегално. Затоа, по однос на решавањето на правата проблематика ние оставивме да се произнесат сите пратенички групи, сите пратеници. Да не мислат дека ова е нерешливо и дека ова е толку страншна работа. Ако една Хрватска го прифатила, веќе го има, од овие наши држави што бевме во Југославија, веројатно сите ќе го прифатат и нема бегање од тоа.

Затоа, многу е погрешна тезата дека со ова ќе се направи толку штета на Република Македонија и дека секој граѓанин може да дојде. Ние не кажавме дека е ускратено гласачкото право на граѓаните на Република Македонија. Со овој закон овозможуваме да тие гласаат во местото каде што живеат во таа странска држава. Тоа може и те како да се уреди и не е прашање дали ќе отиде некој од некоја пратеничка група, политичка партија да биде таму контрола или не. Има начини. Светот тоа го решил. Не треба ние да се плашиме.

Интересот наш, од тие граѓани е голем. Кога ќе им пружиме рака, дека ние мислиме за нив. Место да доаѓа некој човек од Америка или од Германија или од Австралија за да го искористи своето гласачко право, ќе му овозможиме таму и те како.

Ние, и те како очекуваме од тие наши граѓани господине Јанаќе. Ние бараме тие да бидат идните финансиери во Република Македонија. Од нив бараме средства. Ако не сакаме ништо да им дадеме, тогаш не знам што би успеале. Затоа мислам дек треба да пружиме рака кон тие наши граѓани и да го донесеме Предлогот за донесување, оти има потреба. За уредувањето има време. Ќе го уредиме сите заедно, така како што е најдобро. Инаку, од тоа нема бегање. Ако не сега, веројатно после половина година или година пак ќе се донесат овие измени или дополнувања.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам, господине Манев.

Господине Витановски, една минута контра реплика, повелете.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Само ќе го прашам колегата Манев и неговата партија дали тие имаат податоци колку наши вакви граѓани, Македонци, Албанци, Срби или Босанци се во странство? Само толку?

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине Манев, за дискусија.

Повелете господине Манев.

ЕФТИМ МАНЕВ:

Според гласачките списоци, има 10 илјади луѓе од Република Македонија што не се во Република Македонија, надвор се. Тоа е току јасно, во самите списоци е кажано. Ние ги имаме толку господине Витановски. Ние треба да им овозможиме. Не треба да значи дека ќе овозможуваме гласање ако некаде има еден човек. Дали ќе е во претставничките конзуларни тела гласањето, ќе одат во таа држава, нема да доаѓаат овде. Сметам дека треба да се прифати. Може само футурно да гледаме.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Манев.

Збор има господинот Трајановски Коце.

Повелете господине Трајановски, а следен е господинот Караџоски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателе.

Јас би сакал да кажам неколку зборови во врска со овој закон.

Како пратеничка група го предлагаме овој закон затоа што сметаме дека нашите граѓани кои се на привремен престој во странство се обесправени со постојните закони: Законот за избор на пратеници, Законот за избирачки список, Законот за избор на претседател, бидејќи немаат можност да гласаат за претседателски, парламентарни или други избори во Република Македонија.

Избирачкото право е едно од основните права и слободи човекот и граѓанинот и загарантирано е со Уставот на Република Македонија. Граѓаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство избирачкото право, како право за гласање го остваруваат само доколку на денот на гласањето се наоѓаат во Република Македонија. Што значи дека голем број на државјани во

странство не се во можност да го остварат нивното избирачко право заради оддалеченоста од Република Македонија.

Бројот на лицата со избирачко право, отсутни до една и повеќе години од земјата, не вклучувајќи ги податоците на починати и родени лица, според направените проценки од пописот во 1994 година изнесуваат околу 140 илјади граѓани, приближно, од кои 80 илјади се наоѓаат во земјите каде Македонија има дипломатско-конзуларни претставништво. Околу 60 илјади се во земји каде што се уште не постојат дипломатско-конзуларни претставништва.

Значи за создавање на објективни услови за организирање и спроведување на гласањето во странство, пред се на легитимен начин, потребно е да се изнајдат решенија за надминување на определени пречки, пред се во обезбедување на податоци за државата и местото на престој на најголемиот дел од државјаните што се во странство, а за кои нема евиденција во кои држави и по кои основи престојуваат.

Поради ваквата состојба не постои можност да се организира гласање на начин како што е уредено гласањето во Република Македонија. Што значи дека според официјалната евиденција бројот на лица за кои се има податоци за нивниот престој изнесува само 11 илјади, околу 11 илјади. За помалку можеби од 10% од граѓаните на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство.

Голем број на државјани на Република Македонија кои се наоѓаат во странство не се евидентирани во Единствениот избирачки список поради неисполнувањето на еден од законските услови, односно немање последно живеалиште во Република Македонија и според евиденцијата, тој број изнесува околу 20 илјади.

Кракто, поради овие причини, се наметнува потреба од изменување и дополнување на изборната регулатива. Сега зборувам за трите закони. Тоа значи дека нема да говорам за слендите два што следуваат и се во пакет со овој закон, со што ќе се овозможи, со изменувањето и дополнувањето на оваа изборна регулатива, ќе се овозможи овие државјани да го остварат избирачкото право, како право за гласање, и во странство за избори во Република Македонија.

Имало повеќе обиди. Јас верувам дека и од надлежните министерства и од Владата е размислувано, наназад овие 14 години од осамостојувањето на Република Македонија, за можностите како овие граѓани на Република Македонија кои се на привремен престој и работа во странство да го остварат своето избирачко

право и да гласаат на изборите во Република Македонија. Меѓутоа, сеуште нема никаков напредок во тоа, мислам практичен, иако има различни мислења како тие граѓани ќе ни ја определуваат нашата судбината, меѓутоа се додека тие граѓани не почувствуваат дека навистина ние ги третираме како вистински граѓани, со тоа што нивното право на гласање нема да им го ускратиме, мислам дека не треба многу да очекуваме како Република Македонија дека ќе ни помагаат.

Поради тоа, ова е можеби една од причините, не е единствена, можеби малку помала или поголема, независно, и тоа што тие граѓани помалку инвестираат во Република Македонија, значи доколку би учествувале во таа изборна регулатива, како еден од факторите на доверба, ако може така да се каже меѓу тие граѓани, наши граѓани и Република Македонија и ние кои се наоѓаме тука, е и тоа. Да им се овозможи тоа право и со тоа сметам дека таа доверба ќе биде на еден многу повисок степен  и сметам дека многу повеќе ќе инвестираат и ќе придонесуваат да Република Македонија има еден, не би рекол побрз развој, туку едноставно севкупен развој во било која област. Многу земји од Европа и ширум светот, сметам дека еден од главните промотори се токму нивните иселеници во другите држави кои имаат постигнато битни резултати на различните полиња и ги користат како граѓани кои помагаат на севкупната држава.

Овие закони што сега ги предлагаме, ги предлагаме за да можат овие наши граѓани да го остварат своето избирачко право. Тоа не е ништо ново, не е нешто неостварливо, не е нешто што го нема во другите држави од Европската унија и од другите држави во светот.

Јас ќе се обидам да потенцирам неколку држави во кои тоа е регулирано.     Ќе почнам од Франција. Имено во Франција граѓаните можат да учествуваат лично, или преку полномошник, на локалните, парламентарните и претседателските избори, со тоа што за локалните избори може да се гласа само во Франција, додека за парламентарните и претседателските избори може да се гласа во конзулатите и амбасадите на Франција во другите држави. Значи, да не наведувам, кажано е тука како е тоа регулирано во Франција и француските граѓани кои се на привремена работа и престој во другите држави, тоа право го имаат.

Исто така би ја спомнал и Швајцарија. Значи од 1992 година и швајцарците во странство имаат право да учествуваат во швајцарскиот полотички живот и тоа на глсање за сојузните кандидати, како и во национално советнички одбори. Покрај општите услови, значи 18 години  место на живеење вон Швајцарија, тие треба  да

се регистрирани во дипломатско конзуларните претставништва, значи да се пријават во нив писмено или лично.

Исто така и Велика Британија го има тоа регулирано. Нејзините граѓани кои се надвор од земјата може да го остварат своето избирачко право.

Исто така германските државјани, во смисла на член 116 став 1 од Уставот, кои живеат надвор од СРГ и не се пријавени како жители на територијата на СРГ, можат да учествуваат во избори за Германскиот бундестаг до колку ги исполнуваат изборните правни услови, значи најмала возраст 18 години, да нема лишување од изборното право од германскиот суд и др.

Тоа се само некои од земјите кои го имаат тоа регулирано.

Сметам дека нашите граѓани се обесправени, значи оневозможено им е едно основно уставно право, тоа е правото да учествуваат во политичкиот живот во Република Македонија. Ние сакаме тоа право да им го задоволиме, значи да имаат право нашите граѓани на гласање. Пак ќе потенцирам, тоа ќе биде еден голем чекор на доверба, ќе биде еден начин со кој на граѓаните на Република Македонија кои се наоѓаат на привремен престој или работа во странските држави, да се почувствуваат како вистински државјани на Република Македонија.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

Збор има господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитуван потпретседателе, колеги пратеници, еве сакам и јас да се вклучам во расправата по однос на овој закон.

Веднаш на почеток да кажам дека јас лично ќе го поддржам овој предлог.

Сега од овластениот предлагач разбравме дека овој Предлог на закон ќе оди во една фаза, значи Предлог за донесување на закон и тоа е можеби добро за на крајот да се слушнат мислењата, а на некој начин, она што значи како иницијатива, или како можност да се размисли дали на македонското законодавство му е потребен еден ваков закон, да се остави на парламентарното мнозинство, со изјаснување позитивно, евентуално до втората фаза кога овој закон ќе дојде во Собрание да се усогласи и текстот.

Меѓутоа, според мене, овој закон регулира една доста сериозна материја, една област која подолго време е присутна во Република Македонија, за која

подолго време се дискутирало. Морам да потенцирам дека скоро, поголем дел на политички партии во Република Македонија, што парламентарни, што вонпарламентарни, заложбата за можноста, нашите граѓани кои се на привремена работа во странство, или моментално се отсутни од Република Македонија, да имаат право, согласно Уставот, да го остварат своето гласачко право, било присутно како заложба во поголем дел на политички партии, во нивните програми. Меѓутоа, за жал, до ден денес, освен она декларирање за време на изборите, ништо конкретно не е направено на ова поле.

Исто така морам да констатирам една друга работа. Овде кон законот, како предлагачи ни се јавуваат седум пратеници: Никола Груевски, Ганка Самоилова Цветановска, Сашко Кедев, Илија Китановски, Силвана Бонева, Илија Србиновски и Ефтим Манев, не го гледам на списокот Коце Трајановски, така што ме изненадува еден факт што при толкав број на предлагачи, за една ваква сериозна материја, имајќи ја предвид и функцијата на поголем дел од овие што ги прочитав во рамките на партијата што ја застапуваат, денеска гледам дека апсолутно нема присутни, освен колегата Ефтим Манев, кој сакал или не мора да биде овластен предлагач, бидејќи другите ги нема. Но, добро тука е Коце да пополнува. Еве и јас ќе помогнам со мојот придонес.

Сакам да кажам дека за една сериозна материја не треба само декларативно да се произнесуваме и не треба да поднесуваме закони колку да се поднесат и да се кажат неколку добри реченици. Ако е ова сериозна заложба, сериозно треба по неа и да пристапиме. Јас нема да кажам, можеби јас лично сносам дел од некаква одговорност кога станува збор за ова прашање затоа што уште во 1998 година, почитуван потпретседателе, кога јас лично станав пратеник, заедно со колегата Коце Трајановски, една од заложбите на нашата партија тогаш беше дека ние ќе направиме нешто повеќе, поточно ваквите одредби кои сега се предлагаат, ќе ги инкорпорираме во македонското законодавство. Но, за жал, не го направивме тоа. Длабоко сум убеден дека и денес нема кој знае што да се направи затоа што очигледно, прво ги немаме гласовите на тие што го предлагаат законот, а камо ли да се надеваме на поддршка од позицијата.

Инаку, факт е дека овој Предлог на закон има апсолутно оправдан уставен основ. На некој начин овие граѓани на Република Македонија кои по разни случаеви не се присутни во Република Македонија, не можат да го остварат гласачкото право согласно Уставот кое му следува. Тоа не значи дека се тие елиминирани од процесот на гласање. Значи според позитивните закони нашите граѓани кои се на

привремена работа во странство имаат само една можност, а тоа е за време на гласањето да дојдат во Република Македонија и да го остварат правото на гласање, овде на своја територија. Меѓутоа, тоа предизвикува проблем затоа што сите ние добро знаеме каква е, пред се, економската состојба во Република Македонија, сите ние знаеме што е тоа како мотив што поголем дел од граѓаните на Република Македонија заминуваат на привремена работа во странство, затоа што ние како Република Македонија не сме им го овозможиле основното право, а тоа е правото на работа и по борбата за парче леб се поголем е бројот на граѓаните кои одат во странство. Значи, ако на некој начин сме ги казниле со тоа што не сме им овозможиле, не сме им направиле простор да се вработат во Република Македонија и на тој начин да немаат право односно да немаат проблем при остварувањето на она што значи основно граѓанско право, а тоа е да се учествува на избори и да се даде гласот, сега повторно ги казнуваме со тоа што во законодавството не е предвидена одредба или не постои апсолутно некакво решение кое би значело можност за оние кои се на привремена работа во странство да можат да учествуваат во процесот на гласање.

Предлогот на закон нуди добри решенија. Тоа се пред се членот 3 каде се додаваат нови членови 86-а, 86-б, 86-в и 86-г кои на некој начин прават обид како би се регулирал начинот, нашите граѓани кои се на привремена работа во странство да го остварат правото на гласање. Тоа не е нешто што е измислица, или тоа не е нешто што не е непознато во парламентарните демократии на повеќе земји. Господинот Коце Трајановски ги наброја, јас ќе ги повторам. Значи топлата вода не ја измислуваме сега ние, таа е измислена пред нас. Тоа се, еве овде се и наброени: Република Словенија, Кралството Холандија, Франција, Англија, Швајцарија и да не ги редам наматму, сите тие се, да не заборавиме, членки на Европската унија, што значи дека во своето законодавство тие инкорпорирале одредби со кои даваат можност на нивните граѓани кои се на привремена работа во странство, или од разни други причини не се на територијата на нивната држава во моментот кога е гласањето, тоа право да го остварат во конзуларно дипломатските претставништва. Тоа е она што се нуди и овде во овој текст на закон, со тоа што можоста да може да се гласа во конзуларно дипломатските претставништва е разработена во овие три-четири члена, како тоа би изгледало. Можеби сега за поголем дел пратеници, начинот на кој тоа се регулира со овој текст на закон е прифатлив или неприфатлив. Тоа е причина можеби за дискусија со некои амандмани, или можеби кога ќе дојде текстот како конечна верзија да се произнесеме дали треба такви решенија, да

речеме седум дена што кажува член 86 став 2, па најдоцна три месеци и тн., да не ги читам членовите, иако, според мене и овие решенија не се лоши. Затоа го разбирам и предлогот на колегата Ефтим Манев, како овластен предлагач со што Предлогот на закон го повлекува, а останувааме во прва фаза, за во секој случај да не биде пречка она што е овде сега конкретно утврдено во овие неколку члена, да биде пречка за да може да се изгласа она што значи основна идеја, или основна политика.

Нашата заложба , како пратеници зборувам, независно од политичките партии кои тука ги претставуваме е да им овозможиме на сите граѓани на Република Македонија правото кое со Устав им е дадено. Тоа е она право што значи право да се учествува во избирачкиот процес. Тоа е едниот аспект.

Вториот аспект е, ние почитувани колеги не треба да заборавиме дека, било ко избори да поминат во Република Македонија, дали се тоа парламентарни, дали се претседателски, дали се локални, еве го имаме искуството од последните претседателски избори, тоа ни е најсвежо, секогаш имаме проблем со избирачките списоци, постојано се јавува проблем дека имаме одреден вишок, вишок зборувам од аспект на она што значи остварување на правото на гласање во Република Македонија. Таа бројка условно се движи некаде околу 200 илјади гласачи што претставува бројка и можност за разни манипулации, а која пак на секои избори се потврдува. Ако ние не дадеме право, зборувам како законодавен дом, не дадеме право на нашите граѓани кои се на привремена работа во странство да го остварат тоа право во дипломатско конзуларните претставништва, како што сме дале право, согласно постоечките процеси, тоа право да го остварат затворениците, тоа право да го остварат лицата кои се на воена обврска, на начин како што тоа сме го регулирале со закон. Ако тоа не го направиме она што сега го предвидува законот, ние отвараме простор и можност, а кое нешто веќе е и докажано од сите оние извештаи што ги имаме во текот на изборниот процес, некој друг да гласа во нивно име. Тоа не е ретка прилика. Тоа веќе можеби е општо позната работа, кутиите да се полнат, а да не знаеме кој ги полни и покрај се она што значи контрола и тн., меѓутоа факт е дека кутиите се полнат. За да нема таква манипулација, пред се треба да се исчистат избирачките списоци, треба да се направат посебни списоци во кои ќе се види кои се оние граѓани на Република Македонија кои имаат право на гласање, а се наоѓаат на привремена работа во странство, значи да се издвојат на посебен список и на тој начин да им се овозможи право да гласаат. Тоа се веќе одредби кои ги предвидува следниот закон кој доаѓа на дневен ред. Значи тоа би

било, покрај она генерално уставно право, можеби тоа би било еден приоритет кога треба да се изјаснуваме по овој закон. Значи што повеќе законска регулатива, меѓу која е и оваа, би придонела во правец на тоа, сите оние манипулации кои со тек на години наназад, а да не зборувам и за последните претседателски избори, го имаме тоа како согледување, некој друг да гласа за некого, тоа право го немаме. Затоа после ни се јавуваат вакви или онакви резултати, или можеби вакви или онакви пратеници, градоначалници, па и претседател на држава за кој цело време можеме да спориме дали е легитимен или не е легитимен и тн. Тоа би било по однос на овие две причини како основни што би сакал да ги издвојам.

Следна работа која оди во прилог на поддршка на овој закон е и тоа што, покрај можноста што се дава преку дипломатско конзуларните претставништва е тоа што се стремиме како Република Македонија, за некого со крупни чекори, за некого можеби сеуште споро, за некого можеби и тапкаме во место, е Република Македонија да се најде што побрзо во семејството на Европската унија. Ако пак ни е тоа цел и заложба, ние мораме да го следиме примерот на оние земји кои пред нас ја виделе демократијата и имаат далеку поголемо искуство, а кои претходно ги набројав, и нашето законодавство да го прилагодуваме спрема законодавството на Европската унија. Тоа на полесен начин би ни овозможило да се приближиме кон семејството на Европската унија. Тоа пак од друга страна , со едни исчистени закони, со законски одредби кои малку ќе дадат простор и можност за разни манипулации, во секој случај ќе значи и подобро спроведување на изборите, а секое подобро спроведување на изборите, порегуларно, значи побрз чекор односно повеќе приближување кон Европската унија. Ние не можеме само декларативно да зборуваме, да, ние сакаме во Европската унија, кога основниот услов е да имаме регуларни избори, а не памтам кога последен пат сме имале регуларни избори. На овој начин се елиминира и таа можност, а од друга страна се создава и уставното право, загарантирано право. И трето, можеби како една од субсилијарните причини би била таа што сите оние граѓани кои изразуваат желба и сакаат да учествуваат во процесот на гласање, доаѓаат во Република Македонија, тоа право го остваруваат, меѓутоа ние мораме да водиме сметка дека тоа сепак претставува трошок, тоа сепак претставува, не само паричен трошок, туку и губење на време, потребно е вадење на визи, разни трошоци поврзани со патување и тн. , па неможност од она што ни се случува обично во избирачките списоци да се види и вистинската евиденција, кој

каде се наоѓа на гласање. На овој начин сето тоа би се избегнало и на овој начин би се дошло до едно попрецизно законодавство и порегуларни избори.

Во начело за мене овој закон е прифатлив и не гледам проблем зошто не би се прифатил и од страна на мнозинството односно од сите пратеници, кога веќе станува збор за прва фаза. Значи да ја дадеме можноста, да ја поддржиме иницијативата, а се друго што би значело, можеби поконкретно реализирање, или поконкретно допрецизирање на некои членови или нови членови, да го направиме во втората фаза. Впрочем, да го слушнеме и јавното мислење на граѓаните на Република Македонија, а таа можност би ја имале до колку се усвои првата фаза. Значи јас ќе гласам позитивно.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

За реплика се јави господинот Трајановски.

Повелете господине Трајановски, имате три минути.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателе,

Мојата реплика се однесува на мојот добар колега Жарко Караџоски. Значо Жарко не би бил Караџоски, ако не направи макар блага провокација.

Нема да ја коментирам оваа провокација. Само би кажал дека повеќе од 50% од предлагачите се присутни тука и, второ, јас не сум потпишан бидејќи бев на боледување во тој период, така што Ефтим Манев мислам дека е доволно за да го брани и образложува овој закон во Собранието на Република Македонија.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Трајановски.

Господине Караџоски, една минута контра реплика, повелете.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Добро, господине Коце Трајановски, 50% се присутни, ама благодарение на тоа што јас земав збор. Инаку, кога вие зборувавте господине Трајановски овде немаше ни 20% присутни од предлагачите. Тоа што сте биле на боледување не мора да значи дека не можете да го потпишете ова. Но јас би рекол прашање е дали воопшто ви беше понудено, затоа што и јас би го потпишал доколку ми беше понудено, ама не ми беше понудено.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Господине Витановски, три минути реплика, повелете.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Мојата реплика е многу кратка. Нека не се расправаат Жарко и Коце Трајановски дали потпишале или не, јас мислам дека само декларативно се поднесени овие предлози на закони, бидејќи самите предлагачи не се овде и не сакам Жарко да ме убедува да гласам, бидејќи тие не се усогласени.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Витановски.

Повелете, господине Караџоски една минута.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине Витановски, навистина вас човек и нема потреба да ве убедува, бидејќи вас ве убедува друг кога треба да гласате, така што немав намера да ве убедувам, меѓутоа, зборував малку пошироко.

Инаку, сега да ви одговорам за она што велевте кој би дошол на листата доколку Коце Трајановски замине за градоначалник, тоа веќе е прашање.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине Караџоски, не можете сега да му одговорите, тоа ќе го направите во друга дискусија.

За збор се јави господинот Спиро Мавровски.

Повелете господине Мавровски, имате збор.

СПИРО МАВРОВСКИ:

Благодарам господине потпретседател.

Само кратко ќе кажам, бидејќи неколку пати се дискутира дека со овој закон ќе се нарушат некои односи во однос на нашите иселеници во странство и дека ќе дојдеме во состојба тие луѓе да одлучуваат за нашата судбина. Јас би кажал само нешто. Имено, и во економската политика и во она што значи политика на оваа Влада и на сите претходни и идни влади, мислам дека треба цврсто да се повикаме на овие луѓе и не само да ги бараме кога ќе ни требаат туку да им ги овозможиме и нивните услови и права во она што тие треба да го направат. Ние направивме неколку преседани до сега, со Законот за државјанство, сега повторно ако го одбиеме ова, гледам по расположението анблок како да имаме желба уште во старт да го одбиеме ова, и покрај тоа што е прва фаза, каде што јавното мислење треба

да се вклучи, вклучувајќи ги и нашите иселеници, затоа што големите средства, капиталот кој што тие го вложија во нашата држава на два пати се многу силно излажани и тоа со девизната заштеда и со ТАТ. Значи довербата на државата кон тие луѓе се гради токму на овој начин. А кој е начинот? Начинот е да веруваме дека со нивните гласови и нивното гласање, затоа што денес е време на интернет, не е она време пред 30-40 години кога едно писмо патуваше можеби со недели за тие да ја знаат ситуацијата во Македонија. Со овие последни информатички средства тие можеби се многу пред нас во многу области во Република Македонија и ги гледаат сите овие случувања како на политичката сцена, така и со нашата економија и стопанство и дозволете, барем ова, да биде еден предизвик, еден начин тие да се вклучат диреkно во нашето стопанство, со тоа што би ги имале и правата на одлучување во однос на она што значи пратеници, во однос на она што значи претседател на државата и во однос на она што е нивно и што никој не може да им го одзема, а тоа е Република Македонија.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Спиро Мавровски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за пратеници во Собранието на Република Македонија.

2. Предлагачите на Законот ќе изготват и на Собранието ќе му достават Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија, при што ќе ги имаат предвид мислењата и предлозите од расправата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок, заедно со стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија, да се достави до пратениците: Никола Груевски, Ганка Самоиловска - Цветанова, Сашко Кедев, Илија Китановски, Силвана Бонева, Илија Србиновски и Ефтим Манев.

Пред да преминеме на гласањето и пред да го ставам заклучокот на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам пратениците кои се во просториите на Собранието да влезат во салата, за да преминеме на гласање.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве молам да гласаме.

Гласале 59 пратеници, од кои 13 за, 2 воздржано и 44 против.

Молам службите да го утврдат точниот број на притусни пратеници во салата.

Во моментот на гласањето во салата беа присутни 64 пратеници.

Констатирам дека предложениот заклучок не е усвоен.

**Минуваме на точката 21 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избирачкиот список.**

Предлагачи се: Никола Груевски, Ганка Самоиловска - Цветанова, Сашко Кедев, Илија Китановски, Силвана Бонева, Илија Србиновски, Ефтим Манев и Ѓорѓе Паљошковски.

Предлогот на законот е повлечен.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на закон.

Молам, кој бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следнот заклучок:

1. Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за избирачкиот список.

2. Предлагачите на законот, пратениците Никола Груевски, Ганка Самоиловска - Цветанова, Сашко Кедев, Илија Китановски, Силвана Бонева, Илија Србиновски, Ефтим Манев и Ѓорѓе Паљошковски ќе изготват и на Собранието ќе му достават Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за избирачкиот список, при што ќе ги имаат предвид забелешките од расправата на седницата на Собранието.

3. Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата ќе се достави до предлагачите на законот, пратениците Никола Груевски, Ганка Самоиловска - Цветанова, Сашко Кедев, Илија Китановски, Силвана Бонева, Илија Србиновски, Ефтим Манев и Ѓорѓе Паљошковски.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласал 61 пратеник, 12 пратеници гласале за, 4 воздржано и 45 против.

Костатирам дека Собранеито не го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 22 - Предлог за донесување на закон за дополнување на законот за избор на претседател на Република Македонија, со Предлог на закон.**

Предлогот на законот е повлечен.

Отворам претрес по предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор госпоѓа Силвана Бонева.

СИЛВАНА БОНЕВА:

Почитувани колеги пратеници, сосема накратко сакам да ја образложам потребата од донесувањето на Предлогот на законот за дополнување на законот за избор на претседател на Република Македонија.

Целта за донесување на овој закон е овозможување на сите граѓани, односно државјани на Република Македонија да гласаат за избор на претседател на Република Македонија.

Во Законот за избор на пратеници во Собранието на Република Македонија основното право на граѓанинот, избирачкото право на сите граѓани на Република Македонија кои се на привремена работа или престој во странство не е регулирано, со што се негира фактички нивното право како државјани на Република Македонија кои се на привремена работа и престој во странство да го остварат своето избирачко право односно да земат активно учество во изборот на претседателот на Република Македонија, а истото тоа право го имаат граѓаните кои отслужуваат воен рок, кои се на воена вежба или на издржување казна затвор.

Токму заради тоа, досегашните настојувања и обиди избирачкото право да го остварат и избирачите кои се привремена работа или престој во странство, во делот на гласање за избор на претседател на Република Македонија не беа усвојувани, со образложение дека тоа е многу комплицирана постапка, дека нејзиното остварување е невозможно бидејќи треба да се разграничи од кои изборни единици потекнуваат гласачите, а овде во Законот за избор на претседател на Република Македонија тоа е навистина неточно, бидејќи Републиката е една изборна единица, гласачкото ливче е единствено за сите избирачи и тоа подразбира дека избирачот било каде да се наоѓа може да се произнесе по предложените кандидати. Останува единствено позитивна политичка согласност во Законот за избор на пратениците во Собранието на Република Македонија од 2002 година да се интервенира, за да се пропише постапката како и кога избирачите кои се на привремена работа или престој во странство може да го остварат своето избирачко право во дипломатско конзуларните претставништва на Република Македонија, со што ќе се создадат законски услови за гласање за избор на претседател на Република Македонија.

Ограничувањето на една од основните слободи и права на човекот и граѓанинот, избирачкото право, е неодржливо и Република Македонија е обврзана да го почитува, како што го почитуваат поголем број држави, а фактот дека Република Македонија безрезервно се определила за членство во Европската унија и НАТО доволно говори Република Македонија да ги анализира изборните закони на Република Франција, Република Словенија, Кралството Холандија и другите држави членки на Европската унија и НАТО и одредбите за избирачите што се на привремена работа или престој во странство да ги вгради во постојниот закон за избор на Република Македонија. Законите кои се применуваат во државите на Европската унија и другите држави би требало да ни бидат показател и пример како треба да се регулира изборното право во делот на гласањето на граѓаните кои се на привремена работа или престој во странство, што со предложите содржани во овој закон сме убедени дека ќе се остварат и заради овие наведени причини сметаме дека Собранието на Република Македонија треба да го донесе овој Предлог за донесување на закон.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Бонева.

Има збор господинот Жарко Караџоски.

Повелете господине Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Почитувани колеги, морам да кажам дека идејата како идеја е добра, да се овозможи правото на граѓаните кои не се во Република Македонија или поточно кои се на привремена работа да се овозможи да имаат право да гласаат. Меѓутоа, сакам да кажам една работа, тоа со овој закон не се нуди. Она што имавме можност да го слушнеме од претходниот дискутант се однесуваше на Законот за избор на пратеници, кој за жал овде не помина.

Јас би сакал само да кажам што е точка односно што е предмет на овој закон. Овој закон е закон за дополнување на Законот за избор на претседател или поконкретно во членот 5-а, во ставот 1, после точката 2 се додаваат две нови точки, а тоа се точките 2-а и 2-б. Станува збор за органите за спроведување на изборите. Значи не станува збор за можноста на граѓаните кои се на привремена работа во странство да имаат право да гласаат, туку станува збор за органите што ги спроведуваат изборите, а тоа се Државната изборна комисија, општинските изборни комисии или избирачките одбори. Со овој закон се предлага да се дополни со

одредби - точката 2-а би гласела “Ги именува избирачките одбори”, значи се мисли на избирачките органи, “кои го спроведуваат гласањето на избирачите кои се на привремена работа или престој во странство” и точката 2-б која гласи: “Донесува упатство за начинот на гласањето на избирачите кои се на привремена работа или престој во странство”.

Значи овој закон, доколку би сакало парламентарното мнозинство да го прифати, апсолутно не може да има правно дејство затоа што претходниот Закон за избор на пратеници не помина овде. Значи овој закон аналогно е поврзан со претходниот и ако тој не помина, мислам дека овој закон на некој начин е беспредметен, без разлика во која фаза би го прифатиле. Значи за да имаме корекција во избирачките органи со додавање две нови одредби, треба претходно да го овозможиме правото на граѓаните на Република Македонија кои се на привремена работа во странство, но за жал, таквите одредби не поминаа овде во Собранието.

Повторно ќе кажам, идејата како идеја во секој случај е подржлива јас лично ја поддржувам, меѓутоа, не гледам логички сплет после она што не се изгласа, односно Законот за избирачки список и Законот за избор на пратеници во кој би се дала можност граѓаните на Република Македонија на привремена работа во странство да имаат право да го остварат тоа гласање во дипломатско конзуларните претставништва бидејќи тие имаат право во Република Македонија но не онака како што се предлага, значи додавањето на две одредби за тоа што би спроведувале органите, значи изборните комисии би било апсурдно.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

За збор се јави господинот Коце Трајановски.

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Реплика е, не е збор.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Реплика за господинот Трајановски, повелете.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Мислам дека законот има основа. Ако нема основа, според колегата Караџоски, би требало да види во членот 5-а од постојниот закон. Законот за избор на претседател на Република Македонија точката 2 гласи: “Го именува претседателот, членовите и нивните заменици на општинските изборни комисии”.

Всушност сега ќе го прочитам и воведот од овој член 5-а во кој се вели: "Органи за спроведување на изборите за претседател на Република Македонија се Државна изборна комисија, општински изборни комисии и избирачки одбори". Во точка 2 вели: го именува претседателот, членовите и нивните заменици на општинските изборни комисии, по постојниот закон. Со овој закон се бара со измените и дополнувањата да се каже дека избирачките одбори покрај за гласачите во Република Македонија да бидат и за гласачите кои што се на привремена работа во странство, значи како задача за Државната изборна комисија.

Јас се сложувам со колегата Караџоски дека не е добро што не помина Законот за избор на пратеници и со тоа нашите на привремен престој во странство нема да учествуваат при избор на пратеници во Република Македонија. Меѓутоа, со овој закон е сосема независен и со овој закон тие би учествувале доколку помине овој закон за измена и дополнување во избор на претседател на Република Македонија. Сметам дека има и законска основа, значи овој закон да биде, иако не е изгласан претходнот закон.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Една минута контра реплика господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Значи, зборуваме за исто, господине Трајановски. Точката 2 вели: ги именува избирачките одбори кои го спроведуваат гласањето на избирачите кои се на привремена работа, или престој во странство. Такво право нема, затоа што такво право не помина со претходнот закон. Овој закон е поврзан со Законот за избор на пратеници. Кога станува збор за правото на гласање од страна на нашите граѓани кои се на привремена работа во странство. Без такво право не можете вие во комисиите да им дадете избирачки одбори, или да именувате избирачки одбори кои таквото гласање би го спровеле, кога такво гласање немате.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Дали некој друг бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Пред да го прочитам заклучокот, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Заклучокот гласи:

1.Собранието го усвојува предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија.

2.Предлагачите на законот, пратениците Никола Груевски, Ганка Самоиловска - Цветанова, Сашко Кедев, Илија Китановски, Силвана Бонева, Илија Србиновски, Ефтим Манев и Ѓорѓе Паљошковски ќе изготват и на Собранието ќе му доставaт предлог на закон за дополнување на Законот за избор на претседател на Република Македонија, при што ќе ги имаат предвид забелешките од расправата на седницата на Собранието.

3.Овој заклучок заедно со стенографските белешки од седницата ќе се достави до предлагачите на законот пратениците: Никола Груевски, Ганка Самоиловска-Цветанова, Сашко Кедев, Илија Китановски, Силвана Бонева, Илија Србиновски, Ефтим Манев и Ѓорѓе Паљошковски.

Пред да го ставам предлогот на гласање, ги повикувам уште еднаш пратениците да влезат во салата.

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Вкупно гласале 57 пратеници, 9 пратеника гласале за, 2 воздржани, против гласале 46 пратеници.

Ги молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници во салата.

Во салата во моментот на гласањето беа присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот заклучок.

Процедурално има господинот Жарко Караџоски.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Господине потпретседателе, заради одредени партиски активности и заради одредени случувања сакаме да бидеме во тек, бараме 1 час пауза.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Во име на пратеничката група на?

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

ВМРО-Народна. Господине потпретседателе, мислам дека јасна е фактичката состојба во чие име барам пауза и сега да не ги комплицираме работите.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Може ли оваа пауза да ја искористиме за ручек?

Објавувам пауза до 13,30 часот.

(По паузата седницата продолжи со работа во 13,35 часот)

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Продолжуваме со работа.

Со оглед дека имаме претставник од Министерството за одбрана, заменик министерот г-динот Талат Џафери, предлагам да се вратиме на точката 18.

**Минуваме на точка 18 - Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Воена академија со Предлог на закон**

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот и извештаите на работните тела на Собранието ви се доставени односон поделени.

Согласно точка 2 од Амандманот X на Уставот на Република Македонија, овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија .

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Има збор заменик министерот за одбрана г-динот Талат Џафери.

ТАЛАТ ЏАФЕРИ:

Г-дине потпретседателе, г-да пратеници,

Пред вас е Предлог законот за изменување и дополнување на Законот за Воена академија. Согласно членот 1 и 2 од Законот за Воената академија истата се основа за образование на кадри за потребите на Армијата на Република Македонија и истата е воена високообразовна и научно истражувачка установа.

На Воената академија, согласно член 5 од Законот за Воена академија се организираат и остваруваат додипломски студии за потребите на Армијата, постдипломски студии, докторати на науки од областа на воената стратегија, оператива и тактика и научно истражувачка дејност од дисциплините кои се негуваат во неа.

Одредбите од Законот за високо образование и Законот за научно истражувачка дејснот соодветно се применува и во работата на Академијата, доколку со овој закон поинаку не е регулирано.

Согласно членот 32 од Законот за Воената академија за воено стручните и воено стратегиските предмети на Воената академија, по исклучок, настава можат да држат и лица со високо образование и постигнати резултати во практиката. Овие лица можат да бидат ангажирани најмногу до 6 години од денот на влегувањето во сила на овој закон.

Согласно Законот за високо образование затекнатите предавачи и виши предавачи по странски јазик, одбрана и заштита и физичко воспитување на нематичните високообразовни установи кои немаат стекнато научен степен магистер, можат да бидат реизбрани во истото звање и да ја вршат работата на наставник во тоа звање до 30 септември 2004 година.

Имајќи ги предвид измените кои треба да ги претрпи Воената академија и дека на неа настава следат питомци од трета и четврта година кои до 2007 година би требало да завршат со академската година односно да ги завршат започнатите студии, а затекнатите работници до 30 септември односно од 30 септември 2004 година го губат својот статус, неопходно е со измената која се предлага на членот 32 од постојниот Закон за Воена академија, времетраењето на нивното ангажирање да се продолжи до 30 септември 2007 година. Со тоа ќе се овозможи да се затвори циклусот на дообразованието на започнатите студии на оваа институција и питомците кои се наоѓаат на трета и четврта година да го завршат циклусот на нивните студии.

Имајќи предвид дека во Министерството за одбрана односно во АРМ во моментот се наоѓаат лица кои во поранешната ЈНА завршиле виши воени школи во траење од две години, а имајќи предвид дека со Законот за воена академија не е предвидено вонредно школување на кадри односно на офицери на истата, неопходно е законот да се дополни со новиот член 34-а со кој се овозможува лица кои сега се наоѓаат во редовите на Армијата на Република Македонија, а имаат две години виша школа неопходно е со оваа дополна да се овозможи тие лица, а се работи за околу 105 лица да го дооформат своето образование за да можат според Законот за одбрана и Законот за служба во Армијата да се стекнат со високо образование во четири годишно времетраење.

Од тие причини се предлагаат измените односно дополнувањата на овој Предлог закон со што сметаме дека ќе се овозможи и тие вработени во Армијата односно Министерството за одбрана да сиго решат статусот и питомците кои го започнале процесот на едукација да го довршат со овие кадри кои се затекнати тука. Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам на заменикот министер за одбрана.

За збор се јави пратеникот Коце Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Благодарам потпретседателе.

Со оглед на тоа што сум член на Комисијата за одбрана , ние го дискутиравме овој закон, го подржавме и нашата пратеничка група ќе го подржи овој закон. Ќе кажеме што не е добро на ваков начин донесување на закон.

Имено, сметам дека сме доведени пред свршен чин. Пролонгирани се роковите кога требало тоа да се донесе и еве сега на некој начин ако не го донесеме овој закон ќе наштетиме на многу луѓе како на предавачите така и на луѓето кои студираат на Воената академија.

Причините поради кои се предлага овој закон, согласно член 1 од овој закон значи до 30.10. 2007 година, се овозможува на затекнатите предавачи и виши предавачи по стручни воено специјалистички предмети како и предметите странски јазик и физичко воспитување која е пречката тие да продолжат да предаваат без овој закон. Моментално на трета или четврта година студираат постдипломци кои треба да завршат 2005-2006 година. Но, согласно Законот за високо образование затекнатите предавачи и виши предавачи од одбрана и заштита од стручно воено и специјалистичките предмети како и физичко воспитување и странски јазик кои немаат стекнато научен степен магистер можат да бидат реизбрани во истото звање и да ја вршат работата наставници и тоа заклучно со 30 септември 2004 година. Оваа дата одамна помина скоро 4 месеци, овој закон уште кога беше ставен во процедура тој рокот беше изминат.

Една од забелешките и тоа сериозна е дека Владата треба да ја следи состојбата, а ова докажува дека не ја следи, туку проблемите ја тераат да прави одредени закони.Овој закон требаше да го разгледуваме пред одморите јуни-август за да можеа  непречено да продолжат со предавањата.

Истото е и со Законот за воена академија настава можат да вршат лица со висока стручна подготовка и постигнати резултати во пракса во областа на одбраната и тоа најмногу 6 години од денот на влегување во сила на тогашниот Закон. Значи, тие кои не се високостручни по 6 години не можат да бидат реизбрани. Се поставува прашањето зошто не го дооформиле образованието, па да не мора да носиме специјален закон, меѓутоа, ако тргнеме по оваа логика секогаш донесуваме закони за да решиме одредени проблеми, а не превентивно да се носат овие закони, т.е. да не се почитуваат, па кога ќе дојде времето да мораме да го донесеме законот и да им го регулираме статусот, мислам дека ќе биде лоша порака не за оваа област, туку општо во Република Македонија .

Пак ќе повторам овој закон многу доцна се донесува, практично се донесува за да реши еден акутен проблем.

Тоа е од аспект од првиот член од законот кој се предлага, тоа беше состојбата зошто се предлага овој член за да можат да продолжат студиите на веќе затекнатите студенти на Воената академија на 3 и 4-та година кои треба да завршат 2005 и 2006 година.

Членот 2 од Законот сметам дека е добро и нормално по својата функција Академијата може да организира вонредни или дополнителни студии за дошколување на воените старешини кои се со заснован работен однос во Министерството за одбрана. Ако имаат завршено Виша воена школа во поранешна ЈНА, ги има некаде 105, но со Законот за служба во АРМ старешина офицер може да биде само лице со завршено високо образование. Значи, со членот 2 од овој закон им се овозможува на овие офицери да се дообразуваат со високо образование, а имаат виша школа и работат во Министерството за одбрана и тоа да биде во согласност со Законот за служба во АРМ. Значи, тоа треба да го направат до 2006-2007 година.

Пак ќе повторам ова е добро секој напор, секоја активност која води до дообразувае на кадри особено во Министерството за одбрана, особено што се стремиме да влеземе во НАТО -Алијанската, подобро е нашите вработени, нашите старешини да бидат со што повисоко образование и што поголем фонд на знаење.

Но, тука би потенцирал едно нешто. Би апелирал до Владата ова да биде конечно и последно отстапување во врска со членот 1, проблемите да не, не тераат кога веќе се настанати, да донесуваме закони, туку тие благовремено да бидат донесувани тие закони за да не настанат проблеми поради тоа.

Толку ќе биде мојата дискусија, на крајот сакам да потенцирам дека ќе го подржиме овој закон со надеж дека во иднина овие закони ќе бидат благовремено донесувани. Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Трајановски,

Дали некој друг бара збор? (никој)

Бидејќи никој друг не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок:

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за Воена академија.

Пред да ве повикам да гласаме, ги повикувам колегите пратеници кои се во просториите на Собранието да влезат во салата.

Молам службите да го утврдат бројот на присутните пратеници.

(службите ги преброjуваат пратениците)

Имаме присутни 62 пратеника.

Ве повикувам да гласаме.

Пред да ве повикам да гласаме, ве молам седнете на своите места.

Ве повикувам да гласаме за предложениот заклучок.

Вкупно гласале 57 пратеника, 57 гласале за, нема воздржани, нема против.

Молам уште еднаш службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

(службите ги преброjуваат пратениците)

Во моментот на гласање во салата беа присутни 64 пратеници.

Констатирам дека Заклучокот е усвоен.

Дали Собранието го усвојува предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 60 пратеника, сите 60 гласале за, а во салата се присутни 64 пратеници.

Констатирам дека е усвоен предлогот на оваа седница да се претресе и Предлогот на законот.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Отворам претрес по текстот на предлогот на законот.

Молам кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Ве потсетувам дека согласно точка 2 од амандманот 10 на Уставот на Република Македонија овој закон се донесува со мнозинство гласови од присутните пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од присутните пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале вкупно 57 пратеници.

Сите 57 гласале за.

Во салата се присутни 64 пратеници.

Ги молам пратениците кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија да се произнесат по Предлогот на законот со кревање на рака.

Кој е за предлогот на законот, молам да крене рака.

Дали има некој против? (Нема)

Дали има некој воздржан? (нема)

На седницата присуствуваат 11 пратеници, кој припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Македонија.

Од нив за предлогот на законот гласаа сите 11 пратеници, против нема, воздржани нема.

Констатирам дека Собранието го донесе законот за изменување и дополнување на Законот за воена академија.

**Минуваме на точката 23 - Предлог за донесување на закон за изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон.**

Овој закон е предложен од пратеникот Блаже Стојановски.

Предлогот за донесување на законот со Предлогот на законот, извештајот на Комисијата за одбрана и безбедност, дописот на ЗПК и мислењето на Владата Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на Законот.

Молам кој бара збор?

Има збор господинот Блаже Стојановски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници, претставници на Владата немаме како што гледаме, тоа е вообичаена работа кога се работи за предлог на закон кој се поднесува од нас пратениците и навистина, ова однесување на министрите од Владата треба да се смени.

Предлогот на закон, кој што го предлагам пред ова Собрание е по иницијатива на граѓаните на Република Македонија сопственици на моторни возила, кои што секојдневно се соочуваат со проблеми кои што се предизвикани од законската одредба. Постои обврска и во населено место и надвор од него и дење и ноќе да бидат запалени најмалку соборените светла од моторните возила.

За да биде појасна ситуацијата сакам најпрво да истакнам, да го цитирам решението на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата од 1998 година, кој што вели дека од првиот самрак до потполното разденување, односно ноќе, како и дење во случај на намалена видливост, на возилото во сообраќај на патот мора да му бидат запалени светлата. И понатаму членот опишува на кој начин треба да бидат поставени светлата кога се работи за возило на моторен погон, за велосипед со мотор, за велосипед запрежно возило итн. Значи решението кое што постоеше во стариот закон се однесуваше да постои обврска за возачите на моторни возила

ноќе во секој случај, како и дење, меѓутоа, во случај на намалена видливост да има обврска за користење на светлата на возилото.

Измените кои што ги донесе овој Парламент кои излегоа во службен весник на 17 јуни 2004 година се однесуваат на измената на ставот 1 на овој член 83 и токму тогаш се направени измени кои што гласат: “ во сообраќај на пат дење и ноќе”. Значи независно дали во текот на денот постои намалена видливост или не постои таква намалена видливост, обврска на возачите е да мораат да ги употребуваат најмалку соборените светла за осветлување на патот.

Ова предизвика проблеми кај сопствениците на возилата И врз основа, како што реков на почетокот, на нивни барања, на нивни иницијативи го поднесувам овој закон со предлог да се најде едно средно решение кое што навистина ќе кореспондира со објективните состојби во нашата држава. Имено, она што го предлагам  е во сообраќај на пат надвор од населено место, значи само на отворен пат дење и ноќе за време на управување со возилото, возачот на возилото мора да ги има запалено најмалку соборените светла за осветлување на патот. Значи во населени места да не постои оваа обврска , се разбира, доколку не постои намалена видливост. Ова значи дека тргнува од фактот што максимално дозволената брзина во населените места изнесува 50 км. на час. Движењето на отворен пат има можност да биде и со брзина која што е многу поголема и на тој начин навистина, може да се земе за логична потребата возачот на отворен пат, бидејќИ управува со возило кое се движи со поголема брзина да има обврска за запалени светла, покрај тоа што не постои намалена видливост согласно условите кои што постојат при возењето. Значи на тој начин би се овозможило полесно забележување од страна на другите учесници во сообраќајот, особено при престигнување , при кривини итн. Затоа сметам дека одредбата која што е важечка од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата непотребно создава обврски на лицата во населените места да мораат да возат со запалени светла.

Имено, сметам дека со ова не се постигнува ништо друго, затоа што тргнувајќи од фактот дека населените места е поголем бројот на сообраќајни незгоди, или само за 2003 година според објаснувањето на Владата во населените места се случиле 1.200 незгоди, односно 61% од вкупниот број на сообраќајни незгоди. Тоа значи факт дека во населените места сообраќајот е по густ, дека има учество на поголем број на моторни возила, односно има поголем број на учесници во сообраќајот и од друга страна дека не се почитуваат сообраќајните пропси од страна на учесниците во сообраќајот и тоа доведува до ваков висок процент на сообраќајни незгоди. Меѓутоа,

намалувањето на сообраќајните незгоди, не сависи само од тоа дека одредено возило ќе вози со запалени светла или нема да вози со запалени светла во населеното место. Тоа пред се зависи и од техничката исправност на возилата, од почитувањето на сообраќајните прописи од страна на возачите и другите учесници во сообраќајот, се разбира, од начинот на санкционирање на сообраќајните прекршоци.

Фактот што во Република Македонија просечната старост на возилата е 17 години, доволно зборува какви возила се движат по нашите патишта. А тоа јасно зборува и за техничката исправност на овие возила. Тоа доведува и до состојба поголем дел од жителите на Република Македонија имајќи ја предвид нивната финансиска и социјална состојба немаат можност да ги регистрираат овие возила и се доведуваме во ситуација во Република Македонија да се возат голем број на нерегистрирани возила, заради ноеможност за нивна регистрација поради техничка неисправност и од друга страна заради финансиска неможност за купување на нови возила кои што се технички исправни, кои што можат да одговорат на потребите за зголемување на безбедноста на сообраќајот на патиштата. Со самото тоа факт е дека оваа техничка неисправност доведува до зголемување на ризикот за сообраќајни незгоди.

Сметам дека техничката застареност претставува еден од факторите за вака високиот процент на сообраќајни незгоди во населените места, меѓутоа, покрај техничката застареност тука сигурно може да се земат предвид и оние пропусти во текот на процедурите на псотапките за санкционирање на сообраќајните прекршоци , кои што пред се , произлегуваат од Министерството за внатрешни работи, од судовите, кои што со недоволното санкционирање на сообраќајните прекршоци, овозможуваат таа бројка да биде на така високо ниво. Тука сигурно треба да се вброи лошата инфраструктура во населените места, затоа што сите сме свесни во каква состојба се наоѓаат патиштата во населените места каде што има големи дупки, каде што има во случај на дожд отворени шахти и незнам што ти не друго, кои што директно овозможуваат создавање на сообраќајни незгоди. Користењето на запалени светла во населените места преку целиот ден не може да претставува услов од кој што во голема мера зависи безбедноста на сообраќајот во населените места. Тоа единствено моеже да предизвика можност за зголемување на можностите за казнување на возачите, кои што немаат можности да обезбедат дополнителни уреди, пред се, за автоматско гаснење на светлата и на тој начин се доведуваат да бидат приморани да се изложуваат на трошоци, со купување на

автомати, со купување на акумулатори, кои што при заборавање на овие светла се трошат многу брзо.

Исто така векот на траење на светлата од фаровите е ограничен и по тој основ со времето на користење на светлата се изложуваат граѓаните на трошоци. Сите знаеме каква е социјалната состојба на населението во Македонија, колкаво е присуството на сиромаштијата и сите оние елементи кои што ги имаме многу пати дискутирано тука, меѓутоа, постојат во Република Македонија.

Од тој аспект, сметам дека укинувањето на обврската во населено место да се користат светлата кај моторните возила, претставува еден дополнителен аргумент.

Во образложението кое што го добив од Владата стои дека Македонија не е сама , туку има уште две три земји кои што имаат ваква обврска. Меѓутоа, јас ќе ве потсетам дека Република Македонија не може да се споредува со земји кои што не се со ист број на сончеви денови, кои што не се од нашето опкружување, што значи во текот на поголемиот дел од годината кога имаме сончеви периоди, наместо оваа обврска да значи подобрување на безбедноста на сообраќајот на патиштата,со оглед на побрзото забележување на возилата од спротивен правец, може да се претвори во сосема спротивна работа, односно да претставува ризик за безбедноста на сообраќајот на патиштата, со оглед на тоа што сонцето предизвикува отсјај од фаровите кои доаѓаат од другата страна на патот.

Исто така, како дополнителен аргумент за прифаќањето на овој Предлог закон е фактот што ниту една соседна земја на Република Македонија нема воведено ваква обврска за нивните возачи на моторни возила. Тоа го нема направено ниту Грција, ниту Србија и Црна Гора, ниту Бугарија, ниту Албанија. Затоа, аргументот кој што е наведен за да се воведе ваков вид на обврска не држи, затоа што се работи прво за многу мал број на земји и второ, за земји кои што се далеку од Република Македонија и кои што немаат исти климатски услови.

Се согласувам дека при услови на намалена видливост и при поголеми брзини на возилата, запаланите светла влијаат позитивно врз подобрувањето на општата безбедност на сообраќајот. Затоа мојот предлог е обврска за постојано запалени светла да постои само надвор од населените места.

Овде треба да се има предвид и тоа самите возачи на моторни возила се заинтересирани за зголемување на нивната безбедност и затоа многу е јасно дека при намалена видливост тие секако ќе ги управуваат своите возила со запалени светла.

Понатаму, релациите на кои што се употребуваат моторните возила во населените места се релативно кратки и тоа доведува до постојано непотребно активирање или деактивирање на светлата од возилата. За жал, од страна на надлежните структури, државни органи до денес немаме добиено никаква анализа за безбедносните ефекти од воведувањето на обврската за задолжителна употреба на светлата на возилата, а со самото тоа не може да се тврди дека постои позитивно влијание од воведувањето на оваа обврска.

Заради сите овие причини кои што ги наведов, а во интерес на граѓаните на Република Македонија, пред се оние кои што возат постари автомобили, кои што оваа обврска навистина ја чувствуваат како товар и кој што се изложени на непотребни дополнителни трошоци за своите возила барам да се има разбирање за овие граѓани да се прифати овој предлог за возење на моторните возила со запалени светла само надвор од населените места, онаму каде што брзината е над 50 км на час. Значи до 50 км на час, навистина забележувањето на возилата е многу нормално да се врши посебно, зборувам за дење во услови кога нема намалена видливост во услови кога видливоста е сосема нормална.

Од тие причини, сметам на вашата подршка како пратеници и на разбирањето за предлагањето на овој закон , меѓутоа, и за проблемите и барањата кои што ги истакнуваат граѓаните на Република Македонија, а кои што се предизвикани од оваа законска одредба.

Ви благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Стојановски.

За реплика се јавува г-динот Јордан Михајловски.

Г-дине Михајловски имате три минути реплика.

ЈОРДАН МИХАЈЛОВСКИ:

Благодарам почитуван потпретседателе,

Денеска се соочуваме  со еден апсурден предлог да смениме еден закон, кој во агендата другите земји за една или две години ќе го воведат ова. Не гледам дека сме избрзале и дистанцата од Шветска до овдека не е никаква дека тоа биле земји од дистанца , а ние сме на другиот пол од Европа. Мислам дека сите се приближуваме кон исти стандарди и кон исти вредности.

Друго, тоа дека немало безбедносна анализа за да кажеме дали е законот применлив или апсурден не му дава право на колегата да го менува законот. Сам е уверен дека се соочил и тој со апсурдни податоци кој ги нуди законот, затоа што

навистина е потребно 6 до 12 месеци да се види како профункционирал законот. Поминати се само 6 месеци и мислам дека наскоро ќе имаме од Министерството за внатрешни работи егзакни податоци затоа дали тој процент од 61% што се случиле сообраќајните незгоди е намален или зголемен. Мене ќе ми даде за право само една статистичка единица, еден човечки живот да се намалил со запалените светла, да кажам дека законот е успешен, затоа што секој човек е неповторлива вредност и еден човек е значаен. Ние немаме никаков податок дали тој процент варира, се намалува, или се зголемува. Која анализа ја има за да се смени законот. Нема никаков аргумент.На кратки дистанции колку е од Драчево до Ѓорче да се вози? Тоа е 30 до 40 км. Да гоземеме само Скопје. Не се тоа кратки дистанции.

Друго, светлото и сиромаштијата со кои компанираше, тоа ние филозофите го велиме теорија, редукција, апсурдум. Нема врска сиромаштијата со светлата. Не гледам некоја логичка врска со тоа. Ќе се подобрила ли сиромаштијата, или ќе се зголемила со светлата. Можеби тие што ги заборавaат светлата ќе ја подобрат работата на фабриката за акумулатори, меѓутоа ќе се учиме на некоја сообраќајна култура.

Друго, овој закон беше многу апсурден бидејќи во 1998 година викаше дека со самракот се палат светлата. Кој можеше да дефинира самрак, ако имаме далтонист кој ќе погодеше кога е самрак. И полицајците не оценуваа самракот кога траеше.

Мислам дека ваков каков што е законот е добар, да си го почитуваме со оглед на тоа што скоро 70% од несреќите се случуваат во град и ако ги исклучиме светлата во град што сме постигнале. Ќе заштедиме ли електрична енергија во Електростопанство на Македонија.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Михајловски.

Господине Стојаноски имате една минута за контра реплика, повелете.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Навистина сум изненаден од начинот на кој што се пристапува кон овој проблем, затоа што најпрво треба да бидете свесни дека во сите нови возила според стандардите на Европската унија секое возило има автоматско приклучување на светлата во услови на намалена видливост. Значи, кога е намалена видливоста, автоматски се приклучуваат светлата на новите возила. Вие барате тие нови возила да возат цело време со приклучени светла и го анулирате тој стандард со вашето кажување, стандардот на Европската унија.

Второ, во Грција повелете возете преку ден со запалени светла. Јас ви кажувам дека ќе добиете една добра казна од грчката полиција.

Трета работа, новиот возен парк претставува предуслов за зголемена безбедност на сообраќајот на патиштата, а не приклучените светла во текот на нормална видливост.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ

Благодарам господине Стојаноски.

За збор се јави пратеникот Јанаќе Витановски.

ЈАНАЌЕ ВИТАНОВСКИ:

Благодарам почитуван потпретседателе.

Немав намера да се јаваувам, но гледам дека пратеникот Блаже Стојаноски го поднесува овој Предлог за донесување на закон, односно изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата, со Предлог на закон кој што ова Собрание го донесе пред шест-седум месеци. Тоа е негово уставно право и сосема во ред, но она што го предлага според мене не е во ред. Го слушав неговото образложение и јас имам сосема друго видување. Ние треба да ја развиваме сообраќајната култура и да создаваме услови за поголема безбедност во сообраќајот на патиштата, а не да предлагаме некои вакви закони.

Неговиот Предлог на закон се состои од два члена и тоа  се вели: “Во сообраќај на пат надвор од населено место дење и ноќе за време на управување на возилото возачот на возилото мора да ги има запалено најмалку соборените светла за осветлување на патот”.

Според мене предложената измена и овој член не треба да се прифати. Парламентот треба да гласа против овој закон.

За тоа ќе кажам неколку причини. Измената на Законот и новата мерка во сила е некаде околу шест-седум месеци и  сепак е краток рокот за да се има релевантна проценка за ефектите од неговата примена.

Употребата на запалените светла за време на управувањето на возилото дење и ноќе возачите ја сфатија како своја нова обврска и потреба за побезбеден сообраќај. Целта на оваа обврска е постигнување на поголема безбедност на сите учесници во сообраќајот, а посебно во услови кога се врши пристигнување на возилата, свртување, разминување или промена на правецот на движењето на возилото.

Возилото што е во движење според мене може да биде значително побрзо забележано од другите учесници во сообраќајот доколку има запалено светло. Исто така и возачот кој се движи во спротивната насока има можност побрзо да го забележи светлосниот сноп на возилото односно светлата а дури после некое време, после неколку секунди да го забележи и самото возило.

Една од причините е и онаа за која што зборуваше и колегата Блаже Стојаноски, а тоа се случените сообраќајни незгоди од 2003 година. Јас ќе дадам некои податоци за 2003 година. Во 2003 година од вкупно 128 сообраќајни незгоди, 83 сообраќајни незгоди се имаат случено во градот. Тоа е една од причините, а тука како причини не се наведуваат кои се, но една од нив беше и таа.

Исто така ако гледаме во другите европски држави оваа мерка се применува без проблеми во Хрватска, во Словенија и во Унгарија.

Фактот дека сообраќајно техничките елементи на уличната мрежа во населените места се релативно неповолни, дури некаде во некои градови немаме ни хоризонтална и вертикална сигнализација на патиштата, неопходна е употребата на најмалку соборени светла на возилото и дење кога учествуваат во сообраќај во уличната мрежа во населените места, а со цел поголема сигурност на безбедноста во сообраќајот. Тука не знам што е толку лошо во градот да се вози со запалени светла.

Имајќи го ова во предвид, користењето на најмалку соборените светла на возилото и дење во учество на сообраќајот во населеното место, градот, селата е само една од мерките за подобрување на општата безбедност во сообраќајот како на возачите, така и на пешаците, учениците, децата и на сите оние кои се учесници во сообраќајот.

Сметам дека оваа нова обврска и оваа нова сообраќајна култура ние треба да ја чуваме, да ја негуваме, да ја развиваме, да ја почитуваме како возачи и пред се заради поголемата безбедност и сигурност како и поголемата безбедност, а пред се тука мислам на најмалите учесници во сообраќајот, на учениците и на децата.

Од овие причини јас мислам дека овој закон не треба да се поддржи. Јас ќе гласам против овој закон а со цел да ја зголемиме безбедноста и сигурноста на сите учесници во сообраќајот. Ова е нова мерка во сообраќајот, законот е уште нов и мислам дека оваа мерка, овој член ќе придонесе за поголема безбедност на сообраќајот на патиштата.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Витановски.

Господине Стојаноски, повелете три минути реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам господине потпретседателе.

Мислам дека господинот Витановски во голем дел го пренесе ставот на Владата на Република Македонија, односно го прочита Мислењето кое што го добивме по однос на овој закон. Мојата дискусија впрочем беше и насочена најмногу за да се види непостоењето на аргументи за одбивање на решението кое што го предлагам, затоа што пред се навистина не постои никаква анализа освен бројки.

Вие велите дека во Неготино од 128 сообраќајни незгоди во  градот, вкупно 83 се случиле во градот. Дали тоа значи дека со запалените светла тие 83 се намалени заради запалените светла, дали воопшто се намалени, дали е зголемена техничката исправност на возилата и од тие причини има намалување на сообраќајните незгоди во населените места? Дали полицијата поригорозно и подоследно си ја извршува својата работа, дали судовите се поажурни при изрекувањето на прекршочните санкции, на прекршителите на сообраќајните правила и прописи? Значи, не можете да тврдите само врз основа на бројка дека тоа е само заради тоа што Владата предложила закон пред шест-седум месеци кој ова Собрание го изгласал и дека обврската за запалени светла во населени места значело по автоматизам зголемување на безбедноста на сообраќајот на улиците во населените места.

Значи,  ова апсолутно не држи. Еве уште еден пример јас ќе ви кажам. Дали вие сметате дека безбедноста на сообраќајот во Грција, во Солун, каде што има многу поголем број на возила е помала заради тоа што таму не се вози дење со запалени светла, или сметате дека на овој начин ние сме биле понапред и од Грција и од Бугарија и од сите други европски земји кои што немаат воведено ваква непотребна обврска за учесниците во сообраќајот во своите земји.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Стојаноски.

За збор се јави господинот Анастасовски.

Повелете господине Анастасовски.

ИВАН АНАСТАСОВСКИ:

Благодарам почитуван потпретседател, почитувани колеги, господин предлагач на законот.

Ја ценам заложбата на колегата Блаже Стојаноски што се потрудил да направи измени и дополнувања на Законот за безбедност на сообраќајот на

патиштата, со Предлог на закон и би сакал да прокоментирам нешто околу предложениот текст.

Не се работи за обемни измени на Законот, за еден член. Верувам дека тука господинот Стојаноски се водел од еден мотив и во контра репликата што ја имаше на господинот Јордан Михајловски самиот рече дека современата автомобилска технологија во овие услови работи на принцип дека новите возила сите се на картичка и имаат автоматски светла кои им се палат во случај на намалување на атмосферската светлина.

Значи од тој аспект говориме дека ова што е предложено е беспредметно, меѓутоа јас сакам да кажам дека мотивот е најверојатно од оние што доаѓаат од група на граѓани кои возат постари возила, кои што навистина имаат проблеми со акумулаторите. Тоа сигурно бил основниот мотив на предлагачот, меѓутоа сите ние знаеме дека нашето законодавство треба да го усогласуваме со законодавството на Европската унија.

Во тој дел на образложението е напоменато, но јас сакам меѓу другото да поставам едно прашање, една дилема на предлагачот, и тој да ми одговори. Тој во своето излагање рече дека тоа го имаат направено нашите соседи, Србија и Црна Гора, Албанија...

(Тие го немаат направено тоа - од место дофрлување).

А извинете, значи тие го немаат направено тоа, меѓутоа навистина би сакал да ми помогне, бидејќи тој е предлагач и сигурно има консултирано одреден број на закони од Европска унија, навистина би сакал да ми помогне околу тоа кој точно закони ги има консултирано и дојдено до едни вакви законски решенија дека во европските држави светлата да се палат само на отворен пат, а не во населено место. Навистина тоа многу би ни помогнало ако го направи предлагачот.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Анастасовски.

Во ред е повелете господине Блаже Стојаноски, имате реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Благодарам.

Првата работа е дека ниту една медитеранска земја нема воспоставено ваква обврска.

Втора работа е кога зборуваме за новите возила, значи настрана акцизите што се зголемија за купување на возилата со таквите видови на компјутерско

осветлување и тн., таму автоматски се палат светлата при намалена видливост. Значи ако имате ново современо моторно возило и ако нема доволна видливост, па ќе се вклучи светлото на намалена видливост, а во Македонија има толку сончева светлина, таква видливост, или околу 200 денови во годината, тогаш може да ве сопре полицаецот и да ве казни затоа што вие немате приклучено дополнително дека имате обврска согласно овој закон, а не заради тоа што навистина постојат потреби за возење со запалени светла.

Ова фактички е утврдено од страна на производителите на автомобили и бидете сигурни дека е направено испитување кое што е во контекст на сите научни истражувања во оваа област.

Значи, ако зборуваме за потреба за запалени светла при намалена видливост, тогаш тоа го имате како доказ со овие возила, а ние со законот кој што предлага да се промени стои дека независно дали е сончев денот, дали е исклучително добра видливоста вие мора да имате запалени светла.

И да е така прашање е зошто би имале запалени светла при услови кога вашето ограничување на брзината изнесува 50 км на час. До 50 км на час секој може да ве забележи и вие да го забележите. Прашањето е што ако не се почитува таа брзина на управување со моторно возило и на тој начин она што не се санкционира и што не се прави како активност на Министерството за внатрешни работи, на судовите и тн., сите оние кои што се ангажирани за почитување на сообраќајните прописи се заменува со еден банален начин на решавање на проблемот, а тоа е запалени светла за да се види во градска средина, бидејќи можно е некој да вози над 50 км на час. Санкционирањето е една работа, меѓутоа обврската сите оние кои што ги почитуваат сообраќајните прописи и кои што не ги почитуваат да имаат обврска да возат со запалени светла во средини каде што е ограничена брзината до 50 км на час, навистина не гледам никаква основа за тоа. Фактички тоа би можело да се протолкува само како покривање на неспособноста да се воведе ред во сообраќајот.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Стојаноски.

За дискусија се јави госпоѓа Наташа Биковска.

Повелете госпоѓо Биковска.

НАТАША БИКОВСКА:

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Во принцип ги почитувам сите пратенички иницијативи без разлика дали се резултат на нивно лично размислување или согледување на одредени состојби во државата, или се пак резултат и барање на согледани извесни потреби од одредена категорија на граѓани, но во исто време принципиелно очекувам максимална сериозност, претпазливост и прецизност од страна на предлагачот. Впрочем, ние сме во Парламентот не сами за себе, туку да ги застапуваме граѓаните на Република Македонија. И покрај тоа што мојот став го изнесов на Комисијата сметам дека овој Предлог за донесување на закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата заслужува јавно да се каже дека е неприфатлив и токму заради јавноста да се изнесат аргументите за тоа.

На самиот почеток би кажала дека во меѓувреме по поднесувањето на Предлогот на овие измени во изминатиот период си дадов за задача сите граѓани кои што ги примив во пратеничката канцеларија да го консултирам нивното мислење околу користењето на соборените светла и дење и ноќе и во населени места и надвор од населени места, исто така и мојата асистентка за комуникација со граѓани при сите нивни јавувања ги анкетираше ненаметливо за нивните ставови по ова прашање и ниту еден граѓанин не се изјасни со негодување. Поточно, сите сме свесни за позитивните придобивки, дури и еден така сериозен граѓанин знаете што ми кажа "пратеничке не можете да носите посебни закони за оние кои што имаме стари коли и посебно за оние кои што имаат нови коли".

Но, мотивите за моето јавување се многу подлабоки почитуван колега, не се ни малку наивни, свесна сум за ризикот дека можам да бидам погрешно сфатена од поголема група на граѓани.

Имено, не може да ми избледнат од мојата докторска пракса случаите на сообраќајни трауми каде страдаат токму здрави, работоспособни и почесто млади и дури невини и случајни минувачи од деца до највозрасни. Затоа донесувањето на законот за безбедност на сообраќајот на патиштата кој ги доби сите позитивни епитети за квалитетен, сложен и пред се европски закон буквално го дозираат како вредност во нашата регулатива која ќе придонесе и е дел од една стратегија за превентирање и зачувување на здравјето на целата нација и воопшто не е тоа смешно.

Законот го донесовме пред шест-седум месеци и веќе може да се каже дека не само користењето на светлата, се што беше новина се применува и се почитува. Вреди да се истакне и податокот дека постојат две причини потврдени со аргументи

за неприфаќање на предлогот од колегата пратеник за користење на соборените светла дење и ноќе и надвор од населено место.

Прва причина, согледано е дека најголем број од сообраќајните незгоди се случуваат во населените места особено во градските средини. Потврда за тоа веќе беше кажана, е податокот, во текот на 2003 година согласно статистичките податоци за сторени сообраќајни незгоди од вкупниот број незгоди 1935, 1198 или 61,9% се случиле во населени места, а само 737 незгоди се случиле на отворени патишта.

Втора причина е дека ниту во една земја каде се применува ваква законска одредба за светло не постои законска можност за изземање на оваа обврска во населени места.

Почитувани колеги, како паралела на овие презентирани причини, би ви презентирала какви причини се наведени од страна на пратеникот предлагач. Цитирам, во причини каде што ни е поднесен материјалот со законот “Јасно утврдената и декларирана определба на Република Македонија за интегрирање во Европската унија и нејзините институции го отвори прашањето на изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата особено во делот на одредбите за возачките дозволи и директивите за возачките дозволи и согласно наведеното се предлага донесување закон за изменување и дополнување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата”. Замислете, предлагачот мисли дека со предложените измени се доближуваме до Европа, за да во образложението ќе наведе “Причините поради кои се предлага измената на ставот 1 од членот 83, а кои се однесуваат на престанокот за употреба на светлата на возилото во сообраќајот произлегуваат од незадоволството и барањето на учесниците во сообраќајот за ограничена употреба на светлата на возилата”. Овде морам да дијагностицирам отсуство на одговорност и сериозност и воопшто почит кон институцијата на која што припаѓаме. Бидејќи ние сите добро го знаеме Деловникот би сакала најдобронамерно да ги информирам граѓаните за уште еден момент.

Во член 160 став 2 пишува: “Со Предлогот на законот се поднесува образложение за причините поради кои се поднесува законот, односите што се уредуваат со законот, податоците за износот на финансиските средства потребни за спроведување на законот и начинот на обезбедување на тие средства, како и други прашања што се од значење за односите што се утврдуваат со законот”.

Почитувани пратеници,

Јас сум убедена дека пратеникот предлагач знае дека евентуално со усвојување на предложената измена повлекува финансиски средства за соодветна сообраќајна сигнализација и не може да се дозволи како што се наведува во образложениeто употреба на светла само на тоа кога навистина е неоппходно и притоа пресудна да биде сопствената проценка на условите во сообраќајот како од страна на возачите, така од страна и на службените лица од Министерството за внатрешни работи. Почитувани граѓани, сигурно во ова никој од страна нема да ни донира пари, туку повторно ќе мораме да инвестираме, ама во случајот за намалување на безбедноста на сообраќајот на патиштата. Се надевам дека добронамерноста на моето обраќање допре до моите колеги, особено би сакала да допред до граѓаните на Република Македонија.

Должам извинување до сите што имаат мали проблеми и нервози со своите возила и со меморијата, па ги забораваат светлата што прави мали дополнителни проблеми. Во секој случај имаме извонреден закон кој ја гарантира нашата безбедност на сообраќајот на патиштата, а од нас се бара да го почитуваме. Со тоа, почитувани, инвестираме во нашето здравство.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Биковска.

Процедурално господинот Даневски.

СЛОБОДАН ДАНЕВСКИ:

Господине потпретседателе, мислам дека убава е намерата и од пратениците, Парламентот еднаш треба да се занимава да разговараме за економија, за земјоделство. Мислам дека ги оптоваруваме граѓаните со сето ова, дали ги ставиле брисачите на своите возила или не.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Немавте процедурална забелешка. Имаме Предлог на закон што е предложен од пратеникот Стојановски и пратениците дискутираат по тој закон, така што воопшто немате никаква процедурална забелешка.

Господинот Блаже Стојановски има три минути реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Јас и заблагодарувам на колешката што направила напори, го прочитала во целост образложението по повод овој Предлог на закон. Тука, навистина истакна и една друга работа, која што јас не ја истакнав во моето излагање, пред се, се работи за постоење на сообраќајна сигнализација да имате закон, во кој што имате дадено

обврска за задолжителна употреба на светлата на возилата и дење и ноќе, меѓутоа, јас досега барем немам сретнато ниту еден сообраќаен знак кој што кажува за таква обврска на возачите, особено на оние возачи странци, кои што немаат должност да ги познаваат нашите прописи.

По однос на вашиот пат кон Европската унија, јас можам да ви кажам само едно дека вие го сведовте законот за безбедност на сообраќајот на патиштата на паролата Со запалени светла напред во Европа, што навистина не држи место.

Инаку, по однос на проблемите кои што се јавуваат со запалените светла на возачите, слободно кај тие лица кои идат кај вас во канцеларијата прашајте ги дали не се чувствуваат заслепени од светлата кои ги употребуваат возилата кои што доаѓаат од спротивна насока, затоа што тоа може да бидат и долги светла и светла при исклучително сончево време итн. Дали тоа им помага или им одмага во ризиците кои што постојат во управувањето со моторните возила.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Стојановски.

Госпоѓа Биковска има една минута контра реплика.

Повелете.

НАТАША БИКОВСКА:

Воопшто не може да ме иритира овој цинизам и мислам дека не може да се сретне таква сообраќајна сигнализација, затоа што таков фамозен пропис ниту во една држава, особено европска не постои. Мислам дека вообичаена е таква реакција на колегата кога е свесен дека не може политички да испровитира и свесна сум дека граѓаните се доволно бистри да ја сватат нашата аргументација. Коректно ќе беше да им ги објасните фактите и да го повлечете предлогот, ама тоа е негов проблем.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Јас би замолил за поголема коректност.

Збор има госпоѓа Којзеклиска Марија.

Повелете.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Благодарам потпретседателе,

Јас ќе бидам кратка и ќе се осврнам на два дела кои колегите не ги кажаа. Она што го бара колегата Стојановски по однос на изменување на Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата се однесува во сообраќај на пат надвор од населеното место и дење и ноќе да бидат вклучени светлата на возилата.

Согласно постојниот закон или постојната одредба на која колегата Стојановски бара измени се вели дека во сообраќај на пат дење и ноќе за време на управување со возилото, возачот на возилото мора да ги има запалено најмалку соборените светла за осветлување на патот. Со оваа одредба значи дека возилата кои се управуваат и во населени места и надвор од населени места мора да ги имаат најмалку соборените светла за осветлување на патот вклучени, за да не сторат сообраќаен прекршок.

Меѓутоа, јас ќе отидам во еден друг сегмент. Кога почна да се применува овој закон и самата колешка Биковска и некои од колегите рече дека пред 5 или 6 месеци, значи тоа беше во месец август или септември кога времето и температурите надвор, надворешната температура беше над 30 и кусур степени. Е, сега, се враќаме на заштита на животната средина. Со таа надворешна температура 6 месеци во годината во Република Македонија кога имаме енормно високи надворешни температури, сите вие сте свесни какво ќе биде дополнително зголемување на температурата во градовите, во населените места со употребата на светлата. Се извинувам, колеги, тоа никој не го зеде како сериозен проблем, меѓутоа, со текот на примената ќе видите дека ние ќе се соочиме и со тој проблем. Во Европската унија ...

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Момент госпоѓо Којзеклиска.

Ве молам, да се сослушаме колеги.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Ако веќе разговараме за безбедноста на сообраќајот и даваме статистички податоци за сообраќајните незгоди колку биле сторени во населено место, како што кажаа и претходните колеги 1198 биле во населени места, ама не знаеме од која причина. Дали поради неупотреба на светлата или поради други причини, така можеме да размислуваме и за глобалното затоплување.

Вториот аспект, ќе завршам, во едно од прашањата кое колегата Блаже Стојановски го има барано од Министерството за внатрешни работи и на кое му е одговорено на 19.10.2004 година, а прашањето се однесува на измените на Законот за безбедност на патниот сообраќај односно на употребата на светлата при возење на автомобили, тогашниот министер господин Силјан Аврамовски одговорил на крајот цитирам: “Безбедносните ефекти во сообраќајот од воведување на обврската за задолжителна употреба на светлата сигурно ќе се анализираат и согледуваат по изминување на одреден временски период потребен за тоа”. Не го знаеме тој

временски период и 6 месеци минаа Министерството нема таква анализа. Ќе продолжам: До колку се оцени дека нема очекувано позитивно влијание ќе се разгледа оправданоста за нивна употреба дење во населените места односно потребата од иницирање постапка за измена на оваа одредба од Законот за безбедноста на сообраќајот на патиштата".

Ви благодарам почитувани колеги за времето за кое ме сослушавте.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Којзеклиска.

Збор има господинот Караџоски Жарко.

ЖАРКО КАРАЏОСКИ:

Благодарам потпретседателе, во поддршка на Предлогот на законот би сакал да го кажам следното. Уште кога се носеше законот нашата пратеничка група имаше забелешка по однос на овој член кој што сега се предлага, во смисла на тоа возилата кои што се движат во сообраќајот надвор од населените места да го управуваат возилото со запалени светла, но вон населените места таквата обврска да ја нема. Сметаме дека тоа е оправдано и сега истото тоа го тврдиме со она што досега го искажаа колегите.

Морам да потенцирам една работа. Откако се усвои законот погледнете ги населените места и цели градови и ако со внимание погледате што се случува после донесувањето на овој закон и ако ги посматрате патничките возила и сите оние возила во сообраќајот, навистина, градовите ни наликуваат како новогодишни елки или лампиони каде некаде свети, некаде не свети, меѓутоа такви се самите новигодишни елки. Значи, некаде се палат, некаде се гасат, а некаде воопшто ги нема. Што од тоа се доби, кој ефект е позитивен немаме анализа, меѓутоа јас не верувам кој знае каква позитивна насока направи овој закон во таа насока, затоа што не мал број ако ги погледнете низ градовите, ќе видите не е мал бројот кои воопшто не ја почитуваат оваа одлука, дури прашање е дали воопшто некој казнува за таа работа. Но, едно е сигурно, во почетокот кога законот почна да се применува, граѓаните дознаа дека има ваков закон и дека треба да бидат запалени светла на нивните возила откако им прегореа акумулаторите. Зашто, навика немаа, па многу пати и многу често се случуваше, запалете ги светлата и заборавете дека сте запалиле светла. Како последица на сето тоа се случуваше акумулаторите многу често да прегоруваат. Е, сега, пак во какви економски услови живееме, тоа е друга прикаска.

Мора да истакнам една друга работа, ова што колегата Блаже Стојановски го иницира не е тоа само негова идеја, голем број на граѓани доаѓале кај нас како пратеници и барале една ваква иницијатива. Значи, да донесеме односно да предложиме еден ваков закон, жалејќи се од тоа што од примената на законот добиле повеќе само штета отколку корист или како што кажав прегорени акумулатори, прегорени сијалици итн. Инаку, морам да потенцирам дека оправданост за тоа светлата да горат дење, особено во населено место е навистина илузија. Не можете вие да се повикате на тоа како е некаде решено, затоа што Република Македонија е сепак подрачје каде што климатските услови не се идентични со една Шведска или со една Германија или со една Англија. Затоа, ако веќе се бара некое решение, можеби би било најадекватно и најдобро она решение кое што и колегата Паљошкоски го нуди во вид на амандман, но за тоа кога ќе дојде амандманот. Значи, евентуално да горат светлата во услови на намалена видливост. Тоа би било и логички, така беше и досега. А, вака, некој ефект голем нема од овој закон, освен она што кажав. Причината, според образложението на Владата или од Министерството за внатрешни работи дека наводно најголем број на сообраќајни несреќи се случувале токму од фактот поради намалена видливост и слично и како предуслов за тоа ако горат светлата и дење, тие сообраќајни незгоди ќе бидат намалени. Според мене, тоа е можеби еден минимален сегмент, но причина за сообраќајни несреќи е тоа што живееме во такви услови, во таква средина во која што, пред се, треба прво да ги анализираме какви ни се сообраќајните патишта, какви ни се условите во градовите, како ни е регулиран сообраќајот и многу, многу други работи за да кажеме дека можеби основната причина заради зголемениот број на сообраќани несреќи и тоа што некој некого не видел, а сега со светла ќе го види. Заборaваме да кажеме дека во градовите, особено во Скопје е буквално метеж од возила, сообраќајните патишта ни се такви уште од пред 30 години, што значи ништо не се инвестирало, регулативата во сообраќајот исто така, па според тоа, сето тоа кога ќе го склопиме во еден мозаик ја дава сликата на она што значи сообраќај во Република Македонија. Да не зборувам за регионалните патишта, да не зборувам само за патниот правец Плетвар. Ако таму анализираме зошто се таму најголем број на сообраќајни несреќи, верувајте дека најмалку е проблем дали горат светлата или не, туку сосема е друг проблем. Значи, условите на патот, каков е тој пат итн, а така ни се 90% сите патишта во Република Македонија. Ако земаме некакви искуства од Европа или од европските земји, треба да ги земеме и тие искуства да имаме модерни патишта, па да можеме врз основа

на тоа да дојдеме до заклучок дека и покрај модерните патишта имаме зголемен број на сообраќајни несреќи како последица на намалена видливост и сега треба да горат светлата. Ајде некако да прифатиме дека е логичко еве средните светла да горат надвор од населено место, тоа значи на отворен пат, ајде некако таа логика да ја прифатиме, меѓутоа, внатре во градовите апсолутно, мислам во населените места е неоправдано. Кажав дека некоја позитивна корист нема и толку сум сигурен што и да не се прифати сега овој закон, затоа што очигледно е дека нема да се прифати, по навика парламентарното мнозинство гласа се контра она што го предлага опозицијата, верувајте дека ваков закон можеби со неколку повеќе членови ќе предложи Владата и тоа во најскоро време, затоа што ќе го согледа она што го предложија дека нема никаква корист. Според тоа, јас би завршил со тоа што сметам дека овој закон е апсолутно одржлив, оправдан и евентуално доколку не постои расположение ваква каква што е одредбата од член 1 биде прифатена, тогаш не е лошо да се размисли за амандманот на господинот Паљошкоски, кој исто така е во правец на она што сега јас го зборувам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Караџоски.

Последен пријавен за дискусија е господинот Апостоловски Никола.

Повелете господине Апостоловски.

НИКОЛА АПОСТОЛОВСКИ:

Благодарам потпретседателе.

Мојата дискусија ќе биде кратка, така што сакам да укажам на неколку работи.

Прво, во досегашниот период граѓаните навистина ги почитуваат законските одредби за запалени светла и ние сме секојдневни учесници во сообраќајот и тоа можеме да го потврдиме.

Две работи сакам да укажам кои навистина предлагачот не ги имал предвид и не ги чув во образложението, а образложението во материјалот е доста кратко. Првото укажување кое го нема предвид предлагачот е дали при самата примена на одредбите од овој закон, доколку го донесеме, што ќе се случи при патување дали на секои 10 км при влегување во населено место ќе ги палиме и ќе ги гасиме светлата, значи практичната примена што мислам е несватливо.

Втората забелешка, дали ќе се доведеме или дали ќе ги доведеме граѓаните учесниците во сообраќајот, субјективно вработените во Министерството за внатрешни работи да оценуваат од каде почнува и каде завршува населеното место.

Тоа се двете причини кои мислам при практичната примена ќе прават проблеми и затоа нема да го поддржам овој закон.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господинот Стојановски има три минути реплика.

БЛАЖЕ СТОЈАНОВСКИ:

Господине Апостоловски бидете сигурни доколку не ги изгаснете светлата кога поминувате низ некое село по регионалниот пат по кој што се движите дека нема да бидете казнети за тоа. Меѓутоа, ако возите со не запалени светла во населено место и ако возите со 20 на час, ќе бидете казнети. Значи, таа е разликата по однос на тоа прашање, а од друга страна имате улици кои што се на патот, имате регионални патишта, магистрални и автопатишта. Со тоа точно се знае кој пат за каква намена служи.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Стојановски.

Дали некој друг бара збор? (Никој).

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собранието му предлагам да го усвои следниот заклучок.

Собранието го усвојува Предлогот за донесување на закон за изменување на законот за безбедност на сообраќајот на патиштата.

Пред да преминеме на гласање, ги повикувам пратениците да влезат во салата.

Ги повикувам уште еднаш пратениците кои се во просториите на Собранието, уште неколку пратеници ни фалат за кворум, да влезат во салата и да се обидеме побрзо денес да завршиме, бидејќи ако имаме кворум за брзо време ќе ги завршиме точките.

(Пратениците влегуваат во сала)

Добро, мислам дека имаме доволен број на пратеници.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 56 пратеници, од тоа 9 за, 47 против, воздржани нема.

Молам службите да го утврдат точниот број на присутни пратеници.

(Службите го утврдуваат бројот на присутни пратеници)

Во моментот на гласање во салата беа присутни 62 пратеници.

Констатирам дека заклучокот не е усвоен.

**Преминуваме на точката 24 - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон.**

(Реакција од пратеници)

Заклучокот не е усвоен за донесување на закон. Не можеме да одиме на амандмани

(Реакција од пратеници).

Молам за тишина.

(Пратениците повторно реагираат).

Ве молам, согласно  Деловникот дискутиравме за предлог за донесување на Законот.

Со оглед на тоа што заклучокот за донесување на закон не е усвоен, понатаму престанува расправата по претрес на законот. И мислам дека точката е завршена и сега преминавме..

(Праатеникот Стојаноски бара збор процедурално)

Процедурално, повелете ако имате.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Јас се извиувам, меѓутоа, составен дел, согласно Деловникот на Предлог-законот се и амандманите кои што ги поднесува предлагачот. При моето излегување за дискусија, ве прашав дали да дискутирам за целината, Вие кажавте дека посебна дискусија ќе има за амандманите. Мислам дека тоа беше така. Од тие причини остана необјаснето зошто барам да се донесе закон по кој што покрај тој член за кој што дискутиравме, кој што се однесува и за измена  на членот 395 од Законот за безбедност на сообраќајот на патиштата кој што се однесува на Републичкиот совет на безбедност на патиштата, начинот на негово финансирање и средствата кои што се одделуваат по основ на надоместок за осигурување од одговорност за штети предизвикани на трети лица и по основ на надоместок што се наплатува за технички преглед при регистрација на возила. Навистина, ова мислам дека така беше.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине Стојановски, ние деловнички исправни сме овде во водењето на седницата. Со оглед на тоа што вие како предлагач, што имавте амандмани, доколку се преминеше на претрес на текстот по законот, тогаш вашите амандмани станува составен дел на законот, и по нив ќе немаше расправа. Со оглед на тоа што заклучокот на Предлог за донесување на закон не е усвоен расправата тука завршува.

И затоа преминуваме на 24-та точка - Предлог за донесување на закон за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност,со Предлог на закон, поднесен од 41 пратеник, да не ги читаме сите со ред.

Предлогот за донесување на законот, со Предлогот на законот, дописите на Комисијата за финансирање и буџет и на Законодавно-правната комисија и Мислењето на Владата Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по Предлогот за донесување на законот.

Молам, кој бара збор?

Господин Заев Зоран.

Прво, пошто сум јас еден од предлагачите и голем број други, дали се согласувате овластен предлагач да биде господинот Заев.

Овластен предлагач во име на пратениците господинот Заев Зоран, има збор.

Повелете господине Заев.

ЗОРАН ЗАЕВ:

Почитуван потпретседателе, почитувани колеги пратеници,

Се работи за закон поднесен во почетокот на октомври 2004 година, од 41 пратеник од парламентарното мнозинство. Законот, доколку се донесеше до Нова Година требаше да важи, односно стапи на сила од 1 јануари оваа година. Со оглед на тоа што сме веќе 18 јануари,беспредметно е воопшто денеска да се дискутира. Не е можно ниту амандмански да се реагира поради тоа што некој од овие 41 пратеник, предлагачи на законот, се оправдано отсутни, а без нивните потписи деловнички не е исправно да се поднесе амандман.

Самото тоа што 41 пратеник го предлагаме овој закон, значи дека се работи за предлог, кој вреди да ова Собрание го разгледа и се произнесе за или против неговото донесување.

Од името на сите предлагачи денес го повлекувам овој Предлог на закон од единствена причина, потенцирам, дека е безпредметно денес да се разгледува.

Истовремено сакам да најавам дека во најскоро можно време, овој закон повторно ќе биде пред Собранието на разгледување, со што сигурно ќе остане можноста да овој парламентарен состав се произнесе, се надевам позитивно за неговото донесување.

Благодарам потпретседателе.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Значи, констатираме дека Предлогот за донесување на закон за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон е повлечен.

Дали е тоа и за 25-та точка, истото се однесува, и тој го повлекувате?

Значи повлечен е законот за додадена вредност.

Процедурално господине Стојаноски.

БЛАЖЕ СТОЈАНОСКИ:

Вака, согласно Деловникот на Собранието на Република Македонија, за да може еден предлог - закон да биде повлечен, треба за тоа да се согласат сите предлагачи. Не може некој во името на сите да зборува.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине Стојаноски, господинот Заев е овластен од сите предлагачи. Само пред малку имавме исти случаеви со ред овластени претставници на предлагачите.

**Така да 24-та точка - Предлог за донесување на законот за дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон и 25-та точка - Предлогот за донесување на закон за изменување на Законот за данокот на додадена вредност, со Предлог на закон, предложен од пратеникот Зоран Заев се повлечени.**

**Преминуваме на 26-та точка - Предлог за донесување на закон за телекомуникациите,** предложен од пратениците Илија Китановски, Ефтим Манев, Силвана Бонева, Илија Србиновски, Ѓорѓе Паљошковски, Слободан Даневски, Љупчо Мешков и Ристана Лалчевска.

Имаме ли некој од предлагачите присутни.

Господине Даневски, Вие не сте овластен.

Коце Трајановски, бара процедурално.

Повелете господине Трајановски.

КОЦЕ ТРАЈАНОВСКИ:

Значи, потпретседателе сакав да ве известам дека овој закон кој што го поднесуваат предлагачите, практично Владата поднесе еден закон со друго име кој што е на седницата на 24-ти. Со оглед да и овој закон беше поднесен со цел да се иницира Владата да го донесе овој закон, и доколку овој закон биде на седницата на 24-ти, значи постои можност овој закон да биде повлечен, и ние амандмански да делуваме на законот на Владата на Република Македонија. Меѓутоа, има некој најави други. Затоа сметам дека треба да биде, тој закон од Владата на 24-ти. и

конечно овој закон за телекомуникации да се донесе во Република Македонија, што е и обврска према Европската унија.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Господине Трајановски, ви благодарам на сугестиите, али законот можат да го повлечат само предлагачите. Ние сега имаме овде двајца од предлагачите присутни во салата, немаме овластен предлагач, но ние ќе ја отвориме расправата за да се дискутира по овој закон.

Предлог за донесување на закон за телекомуникациите.

Предлогот за донесување на законот, Извештајот на Комисијата за транспорт, врски и екологија, дописот на Законодавно-правната комисија и Мислењето на Владата на Република Македонија, Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес.

Молам, кој бара збор? (Никој)

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот и на Собраинето му предлагам да го усвои следниов заклучок:

1. Собранието на Република Македонија го усвојува Предлогот за донесување на закон за телекомуникациите.

2. Предлагачите на законот, пратениците Илија Китановски, Ефтим Манев, Силвана Бонева, Илија Србиновски, Ѓорѓе Паљошковски, Слободан Даневски, Љупчо Мешков и Ристана Лалчевска, ќе изготват и на Собранието ќе му достават предлог на закон за телекомуникациите, при што ќе ги имаат предвид забелешките, мислењата и предлозите содржани во извештаите на работните тела и од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија.

3. Овој заклучок заедно со извештаите на работните тела, како и стенографските белешки од расправата на седницата на Собранието на Република Македонија да се достави до предлагачите на законот, пратениците Илија Китановски, Ефтим Манев, Силвана Бонева, Илија Србиновски, Ѓорѓе Паљошковски, Слободан Даневски, Љупчо Мешков и Ристана Лалчевска.

Предложениот заклучок го ставам на гласање, но пред тоа молам, службите да го утврдат точниот број.

(Службите го утврдуваат точниот број)

Предложениот заклучок го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Гласале 57 пратеници, 3 за, 1 воздржан, 53 против.

Во салата се присутни 61 пратеник.

Констатирам дека Собранието не го усвои предложениот заклучок.

**Минуваме на точката 27 - Предлог на закон за вршење на психолошка дејност, предложен од пратениците Ана Андова, Јордан Михајловски, Коста Прешоски, Киро Дојчиновски, Нелко Стојановски и Каме Петров.**

Предлогот на законот, Извештајот на Комисијата за здравство, дописот на Законодавно-правната комисија и Мислењето на Владата на Република Македонија Ви се доставени, односно поделени.

Отворам претрес по текстот на Предлогот на законот.

Предлагачите на Законот, пратениците Ана Андова, Јордан Михајловски, Коста Прешоски, Киро Дојчиновски, Нелко Стојановски и Каме Петров, поднесоа амандмани на член 3, ставови 4 и 5; член 4 став 2; член 7 став 2; член 9 ставови 1 и 2; член 20 за бришење на став 4; за менување на член 22; за бришење на член 23; за бришење на член 38; член 39 за доддавање нов став 1; за бришење на член 40; член 46 залинеја 3 и за бришење на алинеја 4 и на делот ИХ за додавање нов член 48-а по членот 48 и тие се составен дел на текстот на Предлогот на законот.

Пратеникот Слободан Најдовски поднесе амандмани на член 2, за додавање нова алинеја 2 по алинеја 1 и на член 8 став 1, за бришење на алинеја 5, по кои претставникот на предлагачот не се произнесе.

Пратеникот Петар Апостолов поднесе амандмани на член 5 став 1, член 8 став 1, за бришење на алинеја 4, на член 11, за додавање нов став 2 по ставот 1, член 29, член 34 алинеја 6 и на член 49 став 2 и 3, со кои претставникот на предлагачот не се произнел.

Пратениците Наташа Биковска и Цветанка Гашовска поднесоа амандмани на член 4, за менување на став 2 и на член 37 став 2, за додавање нова алинеја 6 по алинеја 4 по кои претставникот на предлагачот не се произнел.

Пратеникот Цветанка Гашовска поднесе амандмани на член 3 ставови 3, 4 и 5 и на член 4 ставови 1, 2 и 3, по кои претставникот на предлагачот не се произнел.

Пратеникот Наташа Биковска поднесе амандман на член 50, по кој претставникот на предлагачот не се произнел.

Пред да отворам претрес по амандманите, овластен предлагач од предлагачите е Ана Андова.

Отворам претрес по амандманот на член 2 за додавање нова алинеја 2 по алинејата 1, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор г-ѓа Ана Андова.

АНА АНДОВА:

Благодарам г-дине потпретседател,

За жал не можам да го прифатам вашиот амандман од следните причини:

Она што се бара со овој амандман е опфатено во алинеја 2 од член 2 на Предлог законот. Секое допрецизирање и секое дорегулирање нужно бара да се допрецизираат и долегурираат и останатите области кои иницијално, начелно и принципиелно се дефинирани во член 2 од овој закон.

Би сакала да потенцирам уште една причина, а тоа е, во останатите европски земји, она што се бара со овој амандман е уредено со посебен закон и би сакала да кажам дека не е екслузивно право само на психолозите. Концепцијата на овој закон е организиционото и струковото здружување, како услов и како заштита од упади на непрофесионалци во и надвор од професијата.

Амандманот не се прифаќа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-ѓо Андова.

Јас ги прифаќам образложенијата што ги дадовте.

Амандманот го повлекувам.

Отворам претрес по амандманот на член 3 ставови 3, 4 и 5, поднесен од пратеникот Цветанка Гашовска.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор г-ѓа Ана Андова.

АНА АНДОВА:

Амандманот се прифаќа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4, ставови 1, 2 и 3, поднесен од пратеникот Цветанка Гашовска.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Повелете г-ѓа Андова.

АНА АНДОВА:

Амандманот се прифаќа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 4, за менување на став 2, поднесен од пратениците Наташа Биковска и Цветанка Гашовска.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор г-ѓа Андова.

АНА АНДОВА:

Благодарам за амандманот поднесен од моите почитувани колешки, меѓутоа за жал не можам да го прифатам од следните причини:

Она што се бара во овој амандман е вградено во амандманите на овој закон, поднесени од предлагачите на истиот. За жал, однапред не сакам да прејудицирам нечесност било на поединец кој извршува одредена професија, било на професијата во целина. Со имплементирањето на Законот ќе видиме како ќе оди работата и како и кај секој друг закон можеме да направиме измена и дополнување.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам.

Процедурално за збор се јавува г-ѓа Којзеклиска.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Во списокот што го имаме за редоследот на амандманите по Предлогот на законот за вршење на психолошка дејност, под реден број 3, амандманот на членот 4, ставови 1, 2 и 3 поднесен од пратеникот Цветанка Гашовска. Тоа го прифати предлагачот. Меѓутоа, самиот амандман на колешката Цветанка Гашовска во членот 4 стојат стојат ставовите 1 и 3, не постои став 2. Зборовите: “посебна дозвола” се заменуваат со зборовите “посебна лиценца”. Сакам да прашам дали тоа се однесува и на став 2, или е грешка во самиот список.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Имавме два амандмани од г-ѓа Цветанка Гашовска.

Првиот амандман беше на членот 3 ставови 3, 4 и 5. Тој е прифатен. Прифатен е и вториот кој се однесува на член 4, ставови 1, 2 и 3.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА :

Тоа по списокот го читате. Така?

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Во сценариото јас ги имам. Ги прочитавме и двата и стигнавме на амандманот од г-ѓа Биковска и г-ѓа Гашовска. Двата амандмани од г-ѓа Гашовска, предлагачот ги прифати и се составен дел на предлогот на законот.

МАРИЈА КОЈЗЕКЛИСКА:

Затоа што во самиот амандман, овој што го имаме од Цветанка Гашовска стои за членот 4 ставови 1 и 3.

Во ред.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам на укажувањето. Во ред е.

Сега сме на амандманот на член 4, за менување на став 2, поднесен од пратениците Наташа Биковска и Цветанка Гашовска.

Г-ѓа Андова  како претставник на предлагачот не го прифати амандманот.

Дали некој друг бара збор?

Повелете г-ѓо Биковска.

НАТАША БИКОВСКА:

Благодарам потпретседателе.

Овој амандман беше од суштинска природа и е во правец на допрецизирање на текстот. Но, морам да признаам дека го прифаќам образложението на предлагачот. Не сакам да оставиме простор за никаква импровизација затоа што корисници на услугите од психолошката дејност се луѓето и да се надеваме дека нема да имаме никакви пропусти во работењето. А еве, јавно ветувам дека и при првите согледани злоупотреби, или некои работи што и досега беа согледани и поради тоа произлезе донесувањето на овој закон, прва ќе реагирам за измени и дополнувања на Предлог законот.

Амандманот го повлекуваме.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 5 став 1, поднесен од пратеникот Петар Апостолов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Повелете г-ѓа Андова.

АНА АНДОВА:

Овој амандман се прифаќа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1, за бришење на алинеја 4, поднесен од пратеникот Петар Апостолов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Повелете г-ѓа Андова.

АНА АНДОВА:

Амандманот се прифаќа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 8 став 1, за бришење на алинеја 5, поднесен од пратеникот Слободан Најдовски.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Повелете г-ѓа Андова.

АНА АНДОВА:

Амандманот се прифаќа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на предлогот на зсаконот.

Отворам претрес по амандманот на член 11, за додавање нов став 2 по ставот 1, поднесен од пратеникот Петар Апостолов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Повелете г-ѓа Андова.

АНА АНДОВА:

Амандманот се прифаќа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 29, поднесен од пратеникот Петар Апостолов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор г-ѓа Ана Андова.

АНА АНДОВА:

Амандманот не се прифаќа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој бара збор?

Има збор г-дин Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Благодарам г-дине потпретседателе,

Бидејќи овој амандман не е толку важен, го повлекувам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 34 алинеја 6, поднесен од пратеникот Петар Апостолов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Има збор г-ѓа Андова.

АНА АНДОВА:

Амандманот се прифаќа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 37 став 2, за додавање нова алинеја 6 по алинејата 4, поднесен од пратениците Наташа Биковска и Цветанка Гашовска.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Повелете г-ѓа Андова.

АНА АНДОВА:

Амандманот се прифаќа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот се прифаќа и станува составен дел на Предлогот на законот.

Отворам претрес по амандманот на член 49 став 2 и 3, поднесен од пратеникот Петар Апостолов.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Повелете г-ѓа Андова.

АНА АНДОВА:

Амандманот не се прифаќа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот не е прифатен.

Дали некој друг бара збор.

Повелете г-дине Апостолов .

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Го повлекувам амандманот.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот е повлечен.

Отворам претрес по амандманот на член 50, поднесен од пратеникот Наташа Биковска.

Го молам претставникот на предлагачот да се произнесе.

Повелете г-ѓа Андова.

АНА АНДОВА:

Амадманот се прифаќа.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Амандманот е прифатен и станува составен дел на Предлогот на законот.

Продолжуваме со претрес по текстот на Предлогот на законот.

Молам кој бара збор?

Има збор г-динот Каме Петров.

Повелете г-дине Петров.

КАМЕ ПЕТРОВ:

Благодарам г-дине потпретседателе, почитувани колешки и колеги пратеници,

Се јавувам со една мошне концизна дискусија на ова денешно продолжение на седницата на Собранието на Република Македонија , бидејќи кон оваа расправа по текстот на законот, сакам да издвојам и да потенцирам неколку аспекти.

Првиот аспект е фактот што на денешната седница полезно што финишираме со овој законски проект кој , како што знаеме ги помина сите владини и ресорни анализи и согледувања, а истиот беше предмет на бројни јавни расправи и сугестии на луѓето, претставници од оваа област.

Мислам дека на средбите, трибините и состаноците на психолозите од институтите и институциите, на претставниците од научната и психолошката јавност, на усогласувањата со медицинскиот еснаф и др.

Вториот аспект е што со оваа материја значајно е што за прв пат во Република Македонија со посебен пропис се уредуваат психологијата и психолошките дејности, иако јас би рекол со општ закон кој треба да претставува само поттик за останатите научни и стручни работници, за дорегулација на сите овие работи, за ново и целосно уредување на оваа и останатите сфери од општествените науки во државата.

Трето, морам да го истакнам фактот дека , иако јас заедно со уште неколку колеги пратеници се појавуваме како предлагачи на законот, сепак би кажал дека ние сме дефакто како копредлагачи на овој законски текст. Главен и одговорен во изработката и предлагањето, на координирањето го реализираше нашата колешка Ана Андова која, со оглед на незината струка во областа на психологијата, сепак останува главниот носител на овој законски проект. Затоа кон текстот на законот јас ќе се осврнам само со неколку елементи:

Корисни, или ако сакате мошне применливи се почетните одредби од законот со кои основно се конституира организацијата на извршувањето и значењето на

психолошката дејност. Оваа општествена работа, дејност и наука, со законот се инаугурира како и секоја општествена дејност во прв ред во вид на услуга, односно како во примањето и давањето на психолошки и други потреби на граѓаните за нивните општествено-економски, социјални, културолошки, социјални, здравствени и други потреби и интереси. Заедно со тоа, добро е што од страна на предлагачот, веќе како што слушнавме е прифатено мислењето на Владата за членот 3 став 3, а поврзано со член 4 дека за извршување на психолошката дејност се предвидени три степени на дозволи, да не речам специјалности, а при тоа не се заобиколува и инкорпорирањето кон овие дејности и на другите клинички, психијатриски, судско медицински и другите научни области односно дејности. Сметам дека ваквите инкорпорации на нормални во трауматични, посттрауматични или во стабилни или лабилни човечки состојби и емоции се битни од правниот аспект, посебно од кривично правниот аспект, почнувајќи од извршувањето или во обидите на извршувањето на кривичните дела, убиства, обид на убиства, во разбојништвата, кривичните дела силувања или други блудни дејствија во обид, во употребата на психотропните супстанци и нарконамијата воопшто. Во овие кривични дела , исто така се јавуваат најразлични видови на сторители, на деликвенти и со најразлична психолошка или психопатолошка состојба, со разновидно социјално потекло итн. Од овие причини мислам дека е интересен законот и од аспектот на малолетничката деликвенција, кај рецидивите итн. Затоа мислам дека од оваа седница да упатиме уште еден апел и кон другите општенствени науки, особено во делот на науката за моралот и во делот на етиката каде исто така има простор овие работи исто така да се регулираат.

Благодарам.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам г-дине Петров.

За дискусија се јави г-динот Петар Апостолов.

ПЕТАР АПОСТОЛОВ:

Благодарам г-дине потпретседателе, почитувани колеги,

Сакам да нагласам дека ќе го подржам овој Предлог закон за вршење на психолошка дејност. И моите колеги од пратеничката група исто така ќе го подржат, бидејќи за прв пат оваа материја правно се регулира.

Иако одредени решенија има и во Законот за социјална заштита и Законот за заштита на правата на децата, но сепак тие решенија се парцијални и опфаќаат само мал дел на она што значи психолошка наука и психолошка пракса.

Би се задржал конкретно на овој текст по овој Предлог закон каде и дел од моите амандмани беа прифатени и практично ќе зборувам и за текстот и за оние амандмански промени кои сега се составен дел на овој закон.

Измената во самиот член 5 став 1 се однесува на издавање, односно времетраењето на општата и посебната дозвола односно нејзино обновување каде предложив место 6 да трае 7 години, со што би се усогласил со слични закони. Тој амандман е прифатен. Сметам дека треба да има промена затоа што и со законот за здравствена заштита лиценцата се обновува на 7 години, па сметав дека и психолозите не се ниту помалку, ниту повеќе паметни од лекарската фела.

Во член 8 став 1, исто така предложив измена на алинеја 4, да се брише, бидејќи самиот психолог не може да има специјална работна способност за приватна психолошка пракса која би се разликувала од работната способност да работи кај приватен работодавач, или пак психолог кој врши психолошка дејност во установата  со јавни овластувања.

Исто така во самиот текст во член 11 имаме една измена. Тоа е времетраењето на дозволата да се продолжи за толку време за колку траел и правданиот прекин на работата.

Логично би било ефективно дозволата да се продолжи по автоматизам, бидејќи ако е пратеник не може да трае три години односно би траела 11 години.

Другите измени не би сакал да ги коментирам, тие се повеќе од практична односно од техничка природа.

На крајот сакам да кажам дека овој Предлог-закон за вршење на психолошка дејност не е идеален, сигурно и тој во пракса ќе има свои слабости, но секој пат постои можност за негова измена и дополнување, се со цел да се овозможи доктринарно усогласување во оваа област.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам господине Апостолов.

Има збор госпоѓа Ана Андова.

Повелете госпоѓа Андова.

АНА АНДОВА:

Благодарам господине потпретседател.

Почитувани  колеги и колешки пратеници,

Дозволете ми накратко да се осврнам кон Предлогот на законот за вршење на психолошка дејност, пред да преминам  на текстот на законот...

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Се извинувам госпоѓо Андова, не можете да се осврнете на Предлогот на законот. Можете да се осврнете само на текстот на законот и да дискутирате.

АНА АНДОВА:

Се разбира, господине потпретседател, ја прифаќам вашата забелешка.

Дозволете најпрво, почитувани колеги, да ви се заблагодарам за вашето внимание и за сериозноста на пристапот кон Предлогот на законот и кон текстот на законот за вршење на психолошка дејност и на вашите амандмани со кои придонесовте за прецизирање и дорегулирање на одредбите кои како предлагачи на законот ви ги предложивме на ваше разгледување и усвојување.

Се разбира, морам да истакнам дека нам како предлагачи на законот ни импонираше вашето внимание, кое со тоа ни беше укажано, особено земајќи го предвид фактот што овој закон е предлог на пратеници и е прв обид и регулира материја која до сега не била правно регулирана и уредена со закон.

Да преминам на текстот.

Собранието на Република Македонија на 71-та седница, одржана на 15 јули 2004 година, го усвои Предлогот на законот за вршење на психолошка дејност. Од денот на усвојувањето на Предлогот за донесување на законот па до денот на поднесувањето на Предлогот на законот се водеше широка дебата заснована врз интересот и потребата од законско регулирање на прашањата од областа на психолошката дејност на начин максимално ориентиран кон современата европска регулатива.

По текстот на законот расправаше Институтот за психологија при Филозофскиот факултет во Скопје, Асоцијацијата на психолози на Република Македонија, Здружението на ГЕШТА од советувачи, Здружението на ГЕШТА од психотерапевти “Синтеза”, Друштвото на психолози од Битола, Центарот за психосоцијална и кризна акција, а исто така од страна на предлагачите беше организирана и поширока дебата овде во Собранието, на која учествуваа поголем број претставници од наведените институции и асоцијации, претставници од Министерството за труд и социјална политика и еминентни стручњаци од областа на медицинската психологија, како и пратеници од соодветни комисиски тела на Собранието. На сите расправи беше дадена целосна поддршка на законот, а нивните забелешки, предлози и сугестии, како и предлозите, забелешките и сугестиите дадени во Мислењето од Владата по текстот на Предлогот на законот беа земени предвид и соодветно вградени во текстот.

Почитувани колеги, сосема накратко по самиот текст на законот веднаш би сакала да кажам дека поради фактот што оваа дејност на систематичен и конзистентен начин воопшто не била правно регулирана кај нас. Ние како предлагачи ве молам земете предвид дека не претендираме да нудиме закон кој сеопфатно во детали и најпрецизно ќе ги понуди сите можни решенија, туку правната рамка која ја нудиме во овој закон го артикулира иницијално вршењето на оваа дејност, основните релации и системот на одговорности во целокупниот нејзин диверзитет: клиничка психологија, развојна психологија, училишна психологија, психологија во индустрија, спорт, маркетинг, менаџмент, хумани ресурси и друго и тоа е дадено во девет глави, врз основа на три пункта или три координантни точки. Првиот се  основните релации и тие се однесуваат на стручните постапки, мерки и средства кои ќе се применуваат при практицирање на оваа дејност и условите под кои може да се врши психолошката дејност.

Второ, бидејќи психолошката дејност е сложена и чувствителна и подразбира висок степен на компетенција и точно дефинирана одговорност, која од своја страна наложува цврста организирана структура и јасна и децидна регулатива во форма на комора, со сите подзаконски акти врз база на лиценцирано вршење на дејноста и со ова поврзано нормативно уредување, ќе се овозможи и доктринарно усогласување во оваа дејност, усогласување на критериумите за видот и формите на едукација и потребното ниво за да се врши одредена дејност која е дефинирана во членот 2 од текстот на законот.

И третиот пункт, третата координантна точка, а која особено сакам да ја истакнам, тоа е потребата од професионална и етичка заштита на професијата од различни упади од внатре и надвор од професијата од злоупотребите кои се прават од несоодветни стручни профили, со невалидни, квази, или инстант дипломи од краткотраен карактер, краткотрајни обуки и курсеви. Дозволете еден краток пример, многу кратко. Имено, се симнуваат разни програми, инвентари на личност, прашалници, се симнуваат од интернет од разни универзитетски програми и најчесто се злоупотребуваат при селекција на кадри. На пример, се употребува австралиски модел на македонска популација за разликите во социо-културните матрици, за што мислам дека не треба да зборувам.

На крајот, дозволете ми да  резимирам. Овој Предлог на закон е инициран исклучиво од професионални причини, засновани на потребата за професионална нормативна  регулатива, се вклопува во генералниот концепт на приватната иницијатива, компатибилен е  со  проактивните мерки на Владата за креирање на

амбиент за поттикнување на самовработувањето, без разлика на фактот што психолозите не опфаќаат некој повисок процент од севкупната структура на понудата на кадарот на трудот. Исто така е компатибилен со националната стратегија за европски интеграции во делот на ставање во функција на човечкиот капитал и особено што е многу важно за занимањата од хуманитарната сфера нуди една можност за квалитетен пресврт од ставот, од стереотипот, од концептот дека државата треба да нуди решенија за овие кадри, во став дека државата треба да нуди правна рамка, а експертизата да си го наоѓа своето место на релацијата меѓу понудата и побарувачката на пазарот на трудот.

Толку би рекла накратко.

Ви благодарам за вниманието, почитувани колеги.

СЛОБОДАН НАЈДОВСКИ:

Благодарам госпоѓо Андова.

Дали некој друг бара збор?

Бидејќи никој не бара збор, го заклучувам претресот по текстот.

Пред да преминеме на гласање, да се обидеме да обезбедиме кворум.

Молам службите да го утврдат бројот на присутни пратеници во салата.

(Потпретседателот чека да се собере кворум).

Немаме доволен број на пратеници.

Ќе почекаме уште пет минути дали колегите кои се присутни во просториите на Собранието ќе влезат во салата.

Во салата се присутни 56 пратеници, ни фалат уште пет пратеници за да обезбедиме кворум.

(Неколку пратеници влегуваат во салата).

Ги молам службите уште еднаш да го утврдат бројот на присутните пратеници.

Ве молам, да почекаме уште пет минути. Ни фали уште еден пратеник за да обезбедиме кворум.

Дали има уште еден пратеник во Собранието кој може да дојде во салата?

Еве, имаме известување дека за минута, две ќе обезбедиме кворум.

Само да го изгласаме законот и со тоа да ја завршиме седницата, за да бидеме после слободни.

(Во салата влегуваат пратеници).

Сега имаме точно 61 пратеник.

Предлогот на законот го ставам на гласање.

Ве повикувам да гласаме.

Во салата се присутни 61 пратеник, гласале 58 пратеници од кои 55 за, 1 воздржано и 2 против.

Констатирам дека Собранието го донесе Законот за вршење на психолошка дејност.

**Минуваме на точката 28 - Предлог за избор на заменици на Народниот правобранител.**

Народниот правобранител го повлече предлогот за избор на заменици на Народниот правобранител.

Таа точка е повлечена.

Пред да ја заклучам седницата, бидејќи денес завршуваме, на православните верници во мое и во ваше име им го честитам големиот празник Водици.

Исто така, дозволете ми од мое и од ваше име на граѓаните на Република Македонија од исламска вероисповест да им го честитам престојниот празник Курбан Бајрам.

Бидејќи дневниот ред е исцрпен, ја заклучувам Осумдесет и втората седница на Собранието на Република Македонија.

Ви благодарам.

(Седницата заврши во 15,58 часот).